СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Пеесет и петтата седница

на Собранието на Република Македонија, одржана на

24 март 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господнот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нелко Стојаноски, Зоран Шапуриќ, Љубе Бошковски, Љупчо Балковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Хисни Шаќири, Љубисав Иванов-Ѕинго, Али Ахмети, Ванчо Георгиев, Тито Петковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас не гледам претставници на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Барате претставник на Владата?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би требало и пожелно е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, знам дека би требало и пожелно е, ако барате ќе го обезбедиме.

Ги молам претставниците на Владата да влезат во салата. Ве слуша јавноста, не е проблем.

Ќе дојде министерот или нема да дојде? Вчера имавме многу ќе, ќе, ќе, министерот рече, а некој користи но,но,но и затоа...

Дали можеме да го лоцираме министерот каде е?

(Пристигна министерот)

Министре, завчера аплициравме за членство во Европска Унија, дали вие знаете кое е основно правило во Европската Унија и во западниот свет, точноста, но ако сме доцнеле 10 минути со време ќе дојдеме до точното време.

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници, добро е што дојде министерот, сепак не го чекавме многу, една академска четврт, значи 15-тина минути.

Јас би сакал да проговорам нешто во врска со овој Предлог на закон за преобразба на Електростопанството на Македонија А.Д. за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост.

Би сакал да кажам некои мои ставови кои се надевам дека после тоа ќе се развие дискусија со министерот и дилемите кои сега ќе бидат поставени се со цел да го дообјасниме овој закон за да во македонската јавност има што помалку дилеми за ова исклучително значајно прашање од севкупното живеење, а особено за стопанството во Република Македонија.

Имено, под еден, во насловот на законот стои терминот преобразба на ЕСМ, а потоа во текстот членот 2 се дефинира дека под преобразба се подразбира реструктуирање и приватизација на ЕСМ. Треба да се потенцира дека овој Предлог закон е всушност не само реструктуирање на ЕСМ, процес кој е потребен и предвиден со европските директиви поврзани со енергетскиот сектор, туку и приватизација т.е. продажба на ЕСМ, процес кој со ни една европска директива не е услов за приближување на Република Македонија кон Европската Унија, т.е. никаде не постои наша обврска да извршиме приватизација на електростопанството. Потребно е за реструктуирање на ЕСМ и приватизација на ЕСМ да се предложат два независни закони затоа што се два независни процеси. Во овој момент потребно е да се започне со измени во примарната и секундарната законска регулатива на пример да се направат измени и дополнувања на Законот за енергетика или да се изработи целосно нов закон за енергетика како основа за донесување на Законот за реструктуирање на ЕСМ. Дури потоа треба да се размислува закон за приватизација на ЕСМ. Впрочем, во ниедна земја од втората синхрона зона каде се наоѓа нашата ЕСМ не е ниту започнат процесот на приватизација освен во мал процент во соседна Бугарија која е енергетски неспоредливо подобра од Република Македонија.

Во поедини земји е запонат процесот на реструктуирање преку донесување на соодветен закон. На пример единствено во Република Грција, врз база на европски директиви направено е формално издвојување на секторот за пренос и управување од производството на електричната енергија, но се е во државна сопственост. Притоа, паралелно Република Грција го има либерализирано пазарот на електрична енергија во висина од околу 30% со точно дефинирани правила на игра во седум подзаконски акти. Република Македонија нема направено никаква измена во примарната и секундарната законска регулатива освен што е формирана Регулаторната комисија која сеуште не е докомплетирана и нема започнато сериозно да работи на оваа проблематика така што неможе да стане ниту збор за донесување на закон за реструктуирање на ЕСМ а камо ли на закон за приватизација на ЕСМ.

Според тоа, во оваа точка би заклучил дека треба да се донесе закон за реструктуирање, а дури по негова имплементација, значи зависно како ќе се имплементира, треба да се донесе и закон за приватизација. Овие два закони мора да се одвојат, впрочем така е направено насекаде во светот.

Под 2, во Предлог законот не се имплементирани сите европски директиви врзани за енергетскиот сектор на пример директивите 96-92, 98-32, Европската повелба за енергетика и слично, значи во сите овие директиви и во Атинскиот меморандум за енергетскиот сектор започнат како процес ноември 2002 година никаде не стои обврска за приватизација на ЕСМ.

Сите препораки и обврски преземени од овие европски директиви се однесуваат на хармонизација на нашата примарна и секундарна законска регулатива кон европската регулатива. Кај нас ваквата хармонизација доцни на пример постоечкиот закон за енергетика е во директна колизија со овој Предлог на закон за преобразба на ЕСМ. Затоа што на пример во тој закон за енергетика и во овој предлог закон како одговорен за снабдување со електрична енергија е дефинирано различно правно лице.

Според оваа точка 2 би заклучил дека во сите европски директиви и во Атинскиот меморандум никаде не стои обврска за приватизација на ЕСМ така што не е оправдано во име на приближување кон ЕУ да се заговара дека процесот на приватизација е неопходна да почне сега и веднаш.

Под 3, процесите на приватизација, па дури и процесите на реструктуирање и либерализација се во голема стагнација по паѓањето на електроенергетските системи во САД, Данска, а особено во Италија. Сите тие држави очекуваат

дефинирањето на директивата на ЕУ која сега се изработува, а го третира прашањето на сигурноста на снабдувањето со енергија во услови на либерализиран пазар. Никаде во ЕУ во овој момент ниту се размислува за некаков процес на приватизација заради тоа што се покажа дека снабдувањето со електрична енергија е несигурно, ако без добра законска регулатива се оди дури и во процес на реструктуирање, а уште повеќе во процес на приватизација.

Сите до сега направени приватизации во ЕУ што се на 50% како примерот на Унгарија се оценуваат негативно од релевантни меѓународни институции. Како позитивен пример за приватизација се оценува онаа на Полска каде само максимум до 35% од извршената приватизација, а управувачкиот пакет на акции е можно да се добие со докапитализација.

Би заклучил по оваа точка, ако се изврши приватизација на ЕСМ според овој закон не е јасно кој ќе биде одговорен за сигурноста на снабдувањето со електрична енергија во услови на либерализиран пазар.

Под 4, пристапот кон овој предлог закон од страна на предлагачот во блага форма речено е несериозен. Реструктуирањето на ЕСМ  е опфатено со само 6 члена, другите се за приватизација на ЕСМ. Иако електричната енергија во Република Македонија е 78% од вкупниот енергетски биланс на Република Македонија, европските директиви се однесуваат на целиот енергетски систем и на електроенергетскиот систем, а не само на ЕСМ.

Овој Предлог-закон за преобразба на ЕСМ во останатиот дел од законската регулатива за енергетскиот сектор ништо не менува. Не е ниту започната промената на секундарната законска регулатива. Потребно е реструктуирање на целиот електроенергетски сектор, а не само на ЕСМ. Во околните земји на пример Хрватска, Бугарија и слично соодветните закони за реструктуирање на нивните електростопанства значи само реструктуирање, а не и приватизации се напишани на повеќе од 200 страници.

Овој Предлог закон има замо 6 члена што доволно зборува за несериозниот пристап кон овој исклучително значаен процес на реструктуирање на нашиот голем електроенергетски сектор.

Според тоа би заклучил за оваа точка дека пристапот кон овој Предлог закон од страна на предлагачот е несериозен што лесно се докажува преку споредба со соодветните закони во околните земји.

Под 5, по Предлог-законот не се дефинирани начините и условите за работа на двете компании што ќе се добијат со реструктуирањето на ЕСМ. Значи, не е јасно

чија ќе биде одговорноста за сигурно снабдување со електрична енергија. Не е дефиниран начинот на кој ќе се врши координацијата меѓу двете компании во насока на подготвување на енергетските биланси на Република Македонија.

До сега во делот на управувањето се подготвуваа билансите на делот за производство на ЕСМ. Ако тие два дела се поделат ќе се случи преседан што го нема во светот во една компанија ќе се прават билансите за друга компанија.

Според тоа, ако овој Предлог-закон помине во овој облик во кој е предложен не е јасно кој ќе врши координација меѓ двете компании во насока на подготвување на енергетските биланси и кој ќе биде одговорен за сигурно снабдување со електрична енергија во Република Македонија.

Под 6, еден од основните критериуми што е наведен во член 4 од образложението на Предлог законот значи обезбедување на недискриминирачки однос кон сите субјекти кои учествуваат на пазарот и отстранување на монополските односи во системот. Ќе се обезбеди со правилно реструктуирање на ЕСМ а не со приватизација на ЕСМ.

За обезбедување на овој критериум потребно е да се формира квалитетен пазар на енергија што се однесува на целиот енергетски, пак ќе повторам, на целиот енергетски систем, а не само на системот на ЕСМ. За обезбедување на овој критериум потребно е да биде на целиот енергетски сектор, а не само на ЕСМ и не зависи само од реструктуирањето на ЕСМ, туку од јасно дефинираната примарна и секундарна законска регулатива т.е. формирање на пазарни правила и прописи, точно дефинирани чекори кон либерализација, транспарентни, објективни и недискриминаторни тарифни системи, дефинирана контрола на пазарот и други законски и подзаконски акти како што има и во соседните земји кои веќе го имаат поминато овој процес. Дури потоа може да започне некаков процес на приватизација на ЕСМ.

За сега ништо од примарната и секундарната законска регулатива не се менува, а се предлага да се приватизира ЕСМ. Тоа практично е неможно да се направи и значи класична грешка во редоследот на чекори што е потребно да се преземат.

Би заклучил по оваа 6-та точка, значи без ништо да се промени во примарната и секундарната законска регулатива од областа на енергетиката не е можно и не е препорачливо да се направи приватизација на ЕСМ.

Под 7, во услови на приватизација на ЕСМ без развиен и конкурентен пазар на енергија државниот монопол врз електричната енергија ќе се трансформира во

приватен монопол кој потоа ќе биде главен кочничар за натамошната либерализација на пазарот на енергија.

Имено, ако не постои либерализиран пазар на енергија, приватизацијата на ЕСМ ќе значи замена на сегашниот државен монопол во кој се води сметка, ќе потенцирам, и за социјалната сигурност на населението додека со приватниот монопол нема кој да води сметка за оваа категорија во Република Македонија.

Под 8, за да се предложи ваков закон за преобразба на ЕСМ потребно е претходно да се изврши анализа на влијанието на секундарните негативни ефекти од примената на овој закон. На пример јасно е дека во овој момент постои диспаритет на цените на енергентите во Република Македонија при што цената на електричната енергија кај нас сеуште се држи ниска, а е социјална категорија со која Владата било која, не зборувам само за сегашната, донекаде го одржува социјалниот мир. Во случај на приватизација на ЕСМ можно е да се покачи цената за голем процент што ќе доведе до големи проблеми во стопанството кое и така е многу слабо и до осиромашување на населението и зголемувањето на бројот на и вака голем број на социјални случаи. И сега стопанството во Македонија е во многу тешка состојба, според официјалните податоци индустриското производство во јануари 2004 година е 44% пониско од јануари 2003 година, што за ваквото стопанство ќе значи евентуалниот пораст, зборуваме после приватизацијата на електричната енергија од 30 или 50% незнам, не е тешко да се претпостави, значи ќе настаснат големи проблеми во стопанството.

Би заклучил ако согласно со овој Предлог на закон за ЕСМ, ЕСМ се приватизира во блиска иднина, ќе потенцирам, и релативно брзо, неконтролирано и без соодветни подготовки, Македонија како држава ќе доживее и сегашните проблеми во стопанството ќе прераснат во многу, многу поголеми проблеми и застој во стопанството.

Под 9, не е јасно како е можно да се приватизира ЕСМ без да постои јасен и применлив закон за концесии, за природни ресурси со кои располата Република Македонија, како што се јагленот, водата и слично.

Значи пред да се предложи закон за преструктуирање и приватизација на ЕСМ, треба претходно да се направат соодветни подготовки во другите закони што ќе бидат основа за донесување на овој закон.

Под 10, сопственоста на објектите со кои расплагаме, со кои располага во овој момент ЕСМ не е до крај целосно дефиниран за огромен број на објекти не постојат писмени документи за сопственичкиот статус, не е јасно како е можно да се

приватизира ЕСМ без да постојат комплетни документи за сопственичкиот статус на објектите со кои располага ЕСМ.

Моите колеги во претходните дискусии и претходните денови неколку пати тоа го потенцираа. Се работи за огромен капитал на Република Македонија почнувајќи од ХЕ, ТЕ,далекуводи, трафостаници 400 популарно наречени, 110 околу 5000 што ги имаме во Република Македонија, зградите што ги има во скоро секој град на Република Македонија, мрежата што ја поседува ЕСМ, сето тоа треба да биде сопственички документирано. Постојат сознанија дека тоа не е направено и доколку ние по секоја цена избрзуваме со вака брзо донесување на приватизцијата, сметам дека ќе направиме голема грешка. Значи, ние треба да приватизираме, меѓутоа, првин треба да се направи реструктуирање на ЕСМ, па дури потоа по неговото имплементирање да размислуваме за приватизацијата на ЕСМ.

На крајот не постојат научни и стручно потврдени анализи за моменталната состојба и вредностите на објекти со кои располага ЕСМ. Ваквите анализи ќе покажат дали во овој момент е економски оправдано да се започне со процесот на приватизација на ЕСМ и за колкава вредност на компанијата што треба да се приватизира станува збор. Значи, ова е една од големите енигми при приватизацијата на овој исклучително капитален и највредна компанија во Република Македонија. Се лицитираше со многу бројки, се лицитирало и порано, меѓутоа, сметам дека ние како Република Македонија, како Влада, еве сега се вклучува и Парламентот, треба да создадеме основа за правилна проценка на вредноста на ЕСМ. Некој ќе рече пазарна вредност, пазарот ќе ја одреди кога ќе се понуди, меѓутоа, секој оној сопственик, секој оној газда на она што го понудува за продажба треба да знае колкава му е вредноста. Некој ќе рече сметководствена вредност. Таа сметководствена вредност ако почнуваме од 50-тите години наваму некаде во 70-тите, па и крајот на 80-тите, јас сум работел во стопанство во МЗТ, се имало случај една машина координаторка која на пазарот вреди 2 милиони марки таму да биде дефинирана во сметководствената евиденција со две до три марки.

Значи воопшто не држи дека ние би требало сметководствено да гледаме на таа вредност, туку напротив ние би требало да направиме реална анализа колкава е правата вредност, да предвидиме права вредност и очекуваната цена која ја очекуваме да ја понудиме за ЕСМ.

Значи, пред да се предложи закон за рструктуирање и приватизација на ЕСМ треба да се направат соодветни научно и стручно потврдени анализи за моменталната состојба и вредноста на објектите со кои располага ЕСМ.

Ние како пратеничка група сме за приватизација на ЕСМ, но не сега, туку напротив прво да се направи реструктуирање на ЕСМ, да се имплементира, да се поткрепи со многу подзаконски акти што впрочем го има и во соседните земји, ние ништо нема да измислиме, тука има доволно искуства, па дури потоа да размислуваме за приватизацијата на ЕСМ. Приватизација по секоја цена како што кажав во една од претходните точки,во услови во кои Република Македонија се наоѓа во тешка економска состојба во која имаме огромен број на социјални случаи, а тие мора да користат електрична енергија, државата преку цената донекаде го одржува тој социјален мир, бидејќи граѓаните во Република Македонија воопшто не се криви ако ги изгубија своите работни места при трансформацијата на стопанството од 1990 година наваму од државен во приватен сектор, тие по Уставот би требало и државата да им овозможи да работат, а доколку не треба да им овозможи да имаат барем нормални услови за живеење.

На овој начин, со оглед на тоа што сум и пратеник од Изборната единица 2 и претходно од Изборната единица 65 која ги опфаќаше Илинден, Петровец и Гази Баба претежно селкските населби, верувајте состојбата е катастрофална. Цели семејства ниту еден не работи, децата треба да одат на школо, електричната енергја  по овие начини како што почна да дејствува чисто пазарно оваа Влада и со драстично исклучување без никакво земање во предвид на економската состојба на семејствата дали можат или не можат да ја платат таа електрична енергија верувам дека ќе настане социјален бунт во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете процедурално господине Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе,

И денес на третиот канал на албански јазик на Македонската радио телевизија нема директен пренос од Собранието на Република Македонија,, поради бојкотот на преведувачите, поради нивното неисплаќање на нивните плати и барам од вас да не информирате до каде стигнале и дали имате информации зошто не се преведува на албански јазик на третиот канал на Македонската радио телевизија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве информирам дека се до вчера е исплатено и јас незнам бојкотот зошто постои, затоа што се се работи по Уставот и Деловникот.

Повелете министре за економија, имате збор.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Прво, околу прашањето зошто мора овој закон да го носиме, евентуално да се тргне и т.н. Сакам да појаснам дека токму минатата Влада "Електростопанство на Македонија" го направи да биде АД во државна сопственост, што значи дека Владата е одговорна за него.

Од друга страна, уредувањето со овој закон, ние уредуваме делови кои што не се уредени со Законот за трговски друштва. Прашањето околу бесплатните и повластените акции од главницата што треба да се дадат на вработените и прашањето околу начинот на продажбата, тоа се делови кои што ги уредуваме со овој закон, кои што не се уредени сега со Законот за трговски друштва, што значи дека овој закон ќе биде компатибилен со Законот за трговски друштва.

Натаму, се поставува прашање дека се избрзува, нема документи и т.н. Па, ние работиме на оваа работа веќе 16 месеци и работиме наредните 12 месеци, додека се отпочне процесот за приватизација на делови од "Електростопанство на Македонија. Е, сега, како некој мислел тоа да го продаде за шест месеци, мене апсолутно не ми е јасно когоа еве ние со сите странски консултанти, со сите експерти што работат, целата процедура од прилика се смета да се заврши од 2,5 години од почетокот, што значи некаде од 1 ноември минатата година до некаде наредната година односно на почетокот на наредната година. Не е точно дека не се знае вредноста. Ние имаме книговодствена вредност.

Второ, извршени се длабински снимања и на финансиската состојба на "Електростопанство на Македонија", извршено е длабинско снимање и на техничките карактеристики на капацитетите кои се имаат на мрежата на дистрибуцијата, трафостаниците, далеководите и т.н. Исто така, извршено е снимање на комерцијалните аспекти како тоа може да остане на комерцијалниот пазар и исто така извршезно е и правно снимање.

Најголемите проблеми се јавуваат во правниот дел во смисла на она што се спомна околу имотни листови, околу сопственост на одредени делови и т.н. Но, сакам да објаснам дека тоа се прашања од формално-правен карактер. Значи, никој не спори дали е тој објект на "Електростопанство на Македонија" или не е на "Електростопанство на Македонија", туку расчистување на документација. Никој не може да каже дека таа хидроцентрала не е на "Електростопанство на Македонија",

туку на некој си икс субјекти или т.н., туку тие се прашања од формално - правен карактер, кој што во наредниот временски период ќе бидат расчистени.

Прашањето да не се продава, да се третира и во континуитет таков каков што е нашиот електроенергетски систем, апсолутно не држи, од причини што тој мора да одговори на предизвикот на растечката побарувачка на електричната енергија и мора да има услови и можност да врши баланс меѓу понудата и побарувачката, како и да ги елиминира недостатоците што се јавуваат со стареењето и на опремата и на сите средства што постојат во “Електростопанство на Македонија”. Ако ние вака го третираме како до сега сме го третирале “Електростопанство на Македонија”, јасно е дека тој ќе старее и дека не може да одговори на предизвикот на времето и ќе дојдеме до ситуација каде не ќе може да си ја обавува или лошо ќе ја обавува својата функција. Од тие причини е неопходно да се воведат комерцијални принципи во работењето на “Електростопанство на Македонија”, доколку сакаме да имаме обновлив систем кој што ќе се обновува и кој што ќе оди во чекор со останатите земји во Европа и во регионот и да се вклучи во овој пазар на Југоисточна Европа. Е, сега, прашањето дека еден државен монопол, ќе биде заменет со приватен монопол, тоа апсолутно не е точно. Уште еднаш повторувам, не се продава цел електроенергетски систем. Преносот и диспечерскиот систем останува. Се продава дистрибуцијата и ќе се утврди кои делови и дали и што ќе се продава од производствените капацитети, од термоцентралите, евентуално од хидроцентралите. Тоа прашање сеуште не е расчистено. Но, дека дистрибуцијата ќе се продава, тоа е асполутно точно.

Сакам да ви кажам уште еднаш дека не е точно дека другите земји околу нас не се влезени во овој процес. Точно е дека државни се само во Франција за кои и таа размислува за приватизирање и во соседна Грција. Додека пак, во Бугарија веќе од седум нивни дистрибутивни региони што ги имаат, веќе се распишани тендери и се продаваат во три големи пакети. Во Романија се веќе продадени два пакети. Исто така во Унгарија се веќе шест продадени. Значи, целокупната дистрибутивна мрежа е веќе продадена. Словачка веќе продаде три пакети и т.н. Ова значи дека апсолутно не држи тоа дека земјите во регионот не се тргнати во овој процес. Сите земји се тргнати и мислам дека е добро што Република Македонија исто така е понапред, да речеме, во однос на српско - црногорскиот и во однос на босанскиот и т.н.

Прашањето дека токму ова ќе биде монопол, апсолутно не е точно, зашто Регулаторната комисија ќе си го земе своето место, кое што исто така ги

утврдува цените. Регулаторната комисија исто ќе биде таа преку која што ќе проаѓаат договорите, сит склучени договори за набавка на електричната енергија. И, да биде јасно, ако некој домашен производствен капацитет произведува и сака да продаде скапа електрична енергија, автоматски ќе се набави од било каде од Европа енергија, која што ќе биде многу поефтина. Мислам, тука воопшто не треба да има дилеми и токму тоа е квалитетот на она што се предлага што големите индустриски потрошувачи, доколку имаат скапа електрична енергија овде во земјата, може да набави било од каде електрична, енергија која што ќе биде поскапа, а преку преносниот систем ќе си ја плати таксата за преносот да му биде спроведена до неговиот индустриски капацитет. Повторно се манипулира дека овој закон е несериозен. Јас повторувам дека тој надополнување на Законот за трговски друштва и само уште еднаш сакам да потсетам дека еве овде кај мене имам пример на Хрватскиот закон, кој што има 11 члена. Значи, апсолутно не држат таквите претпоставки и ние мораме да изградиме електроенергетски систем кој што ќе биде предвидлив, кој што ќе биде одржлив, кој што ќе биде обновлив и енергетски систем предвидлив од причини што ќе биде ослободен од политички влијанија односно да зависи од тоа како ќе се менуваат владите, така и да имаме односи кон електроенергетскиот систем.

Што се однесува до директивите кои што беа напомнати, тие директиви ќе бидат инкорпорирани во Законот за енергетика, кој што треба да биде завршен до втората половина на оваа година.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, зошто се вклучивте?

Бидејќи министерот зборуваше повеќе од три минути, дообјаснуваше, тоа во нашиот жаргон е реплика. Бидејќи е повеќе од три минути, тоа значи е дискусија. Сега, прво, имате право на реплика од три минути.

Но, има една реплика на вас господине Коце Трајановски. Дали сакате да ја чуете од госпоѓа Емилија Костадинова.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас имам реплика на излагањето на господинот министер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во тој случај имате една минута господине Трајановски како контрареплика на министерот.

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Министерот се обиде да демантира одредени ставови кои што јас ги искажав, меѓутоа сметам дека не успеа барем мене да ме убеди во тоа. Рече дека Хрватскиот закон има 11 члена. Господине министре, ние сме еве наназад три месеци, многу често ги добиваме законите и оваа Влада тотално ги препишува од Хрватските закони и ние многу често укажуваме на тоа. Меѓутоа, ако веќе се оди на таков начин, што не е и лошопштина, значи од некаде треба да се гледа, но, барем таму да ги земете и пропратните документи. Тие не одат само со 11 члена, туку јас реков дека имаат повеќе од 200 страници објаснување на тие закони и како поткрепа, за да би можеле ние подобро да ги разбереме тие закони. Не се работи само за тоа, туку нашата забелешка е н тоа дека се работи за еден многу сув закон од неколку члена, за кој што ние немаме доволен број на информации да одлучуваме.

Инаку, многу е јасно дека при приватизацијата, доколку законски сето тоа не го уредиме ќе настане многу поголем проблем, отколку доколку е во државна сопственост.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега ќе завршиме со репликите на излагањето на господинот Коце Трајановски.

Збор има Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам претседателе,

Само во еден дел од дискусијата на господинот Коце Трајановски би сакала да реплицирам, а тоа се однесува на делот од неговата дискусија кога зборуваше дека “Електростопанство на Македонија” не треба да се продава по книговодствената вредност. Го кажа примерот за некоја машина што на пазарот вредела 2 - 3 милиони германски марки, а во книговодството се водела само за 2 - 3 германски марки. Сметам дека ова не можело да се случи, ако исправно се работело, затоа што согласно прописите за сметководствено работење на крајот на

секоја деловна година, се врши ревалоризација на основните средства и на капиталните вложувања, која што цел на ревалоризацијата е всушност да не настанува депресијација во цените. Донекаде книговодствената вредност да се усогласува со пазарната вредност, бидејќи под влијание на инфлацијата што ја имавме во одредени години, таа губи од нејзината вредност. Тоа усогласување се врши согласно индексот на порастот на цените на индустриските производи, така што тој расчекор меѓу пазарната и книговодствената вредностд не можел да е толку драстичен. Или пак, во случај, ако оснвното средство е целосно отпишано, а има сеуште функционална односно уптребна вредност, истото може да добие нова пазарна вредност односно претпријатието може да формира комисија, кое што ќе изврши проценка и да му даде таква вредност.

Затоа, не треба во толку негативен контекст да се експлоатира книговодствената вредност на дискусиите од многу пратеници. Не само што господинот Коце Трајановски тоа го употреби, но мислам и други пратеници во нивните дискусии на претходните две парламентарни седници, вчера и завчера истото тоа го упторебуваа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Коце Трајановски, една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Мојата ценета колешка би сакал да ја потсетам дека јас сум информатичар. На информатика работам од 1980 година на програмирање и катастрофални беа моите сознансија, овие што ги кажав, па ги кажав до крајот на 80-тите години дека економистите во сметководство се имаат заборавено во смисла на ревалоризација и тие ревалоризации се сосема симболични. Јас можам и со пример, ќе ти ги донесам и компјутерските листи, да видиш што значеше таа сметководствена вредност. Затоа, ние имавме многу смешни продажби по тие сметководствени вредности. Јас многу убаво знам како се прави ревалоризација, како се прави ревалоризација и на амортизација и сите тие процеси од сметководство сум морал да ги научам како информатичар, а за ваша информација јас ќе ве однесам во фирма во која што директно ќе ве уверам дека е тоа така.

Значи, опасноста е да не настане и овде, не реков дека е во “Електростопанство на Македонија”, меѓутоа, треба да се внимава, бидејќи во Република Македонија имало такви случаи, во голем број на такви случаи да не настане и во “Електростопанство на Македонија”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Повелете господине министре.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Сакам да одговорам за законот. Повторно дека се тврди дека е многу краток. Овој закон е работен со помош на истата консултанска куќа, која што работела во времето на претходната Влада. Значи, спонзориран од ЈУ ЕС ЕН ДИ, консултанската куќа ПИРС АТРУТ. Значи, законот кој што е предложен, од него се очистени само оние работи што ние ги сметавме за шминка, како што, на пример, е ситуацијата дека директор може да биде домашно и странско лице, што нема врска, тоа е уредено со други закони, или дека мора да му се овозможи пристап до објектот кој што ќе биде купен и т.н. Исто, вметнати се одредбите околу реструктуирањето на “Електростопанство на Македонија” и прашањето точно околу приватизацијата и околу неговата транспарентност. Тоа значи начините на кои што ќе биде приватизиран со првата точка со меѓународните финансиски институции, со претквалификација и тендер и прашањето за уреување за бесплатните или повластените акции на вработените и ништо повеќе од тоа. Значи, тоа е патот што ни е советуван и од консултантите, кои работеле и за претходната Влада и оваа. Ваков краток едноствен закон во кој што ќе бидат инкорпорирани одредби кои што ги немаме во Законот за трговски друштва и кој што е направен врз база на анализа на постоечката наша законска регулатива и врз база на таа постоечка законска регулатива вметнато е токму она што го нема и што може евентуално да биде пречка, за да се оствари целиот процес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Станковска, имате три минути реплика на излагањето.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Нешто на излагањето на министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие за излагањето на министерот имате реплика? (Да)

Тогаш, пред вас има господинот Спиро Мавровски.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Имам процедурално. Ова е нешто кон процедурата.

Почитуван министре, еве веќе гледам трет ден се обидувате на пратениците и на граѓаните да им објасните потребата од активности што се во врска со трансформација на "Електростопанство на Македонија". Да ви кажам како некој на кој воопшто не му е блиска од стручен аспект оваа материја, вашето образложение и објаснување од некои колеги, успееја да ни ја дџоближат материјата и на некој начин да ни ги разјаснат дилемите кои постоеја меѓу нас. Но, само сакам да ви укажам на едно, што мислам дека на целата македонска јавност, на вас, а посебно на пратениците им е апсолутно јасна. Стретегијата на опозицијата многу пати во Парламентот е апсолвирана ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не е процедурално. Три минути можете да почеката за да се јавите за реплика.

Повелете господине Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас би го прашал министерот кога го говори она што го мисли, дали денес, вчера, или пред два дена, затоа што толку е конфузен во своите излагања и образложенија што ако ги прочита и самиот стенографските белешки ќе дојде во тотална конфузија. А колку на колешката што не од обласста на електростопанство и стана јасно, после неговите излагања, ќе кажат граѓаните.

Ќе кажам две работи што сега ги изнесовте во вашето образложение дека Регулаторната комисија ќе набавува и купува електрична енергија, а во вашето вчерашно излагање - повелете, ако сакате можете да ги добиете стенографските белешки за да видите што кажавте сега, а тука велите дека операторот нема да биде тој што ќе склучува договори, туку АД Електростопанство на Македонија бидејќи се задолжени за производство, продажба и евентуално увоз на електрична енергија, тие ќе ги склучуваат договорите, а овие од преносот односно операторот ќе биде тој што склужува договори за преносот на електричната енергија. Јас го

цитирам тоа што го кажавте, господине министре, пред два дена. Сега ќе ве замолам да ми кажете што беше точно, дали тоа што го кажавте тогаш или ова што го кажавате денес.

Второ, кажувате, а и колешката ни одржа едно предавање за книговодствената вредност и самиот министер и колегите од позицијата неколку пати рекоа дека според книговодствената вредност не може да се продава Електростопанство. Затоа треба да се утврди и вредноста на Електростопанство, а како што кажаа господата од позицијата тоа ќе биде постигнато кога Електростопанство ќе биде изложено на пазар и ќе биде дадено на продажба, па ќе ја постигне пазарната цена. Дали тогаш кажувавте невистина или сега кажувате невистина. Значи ли тогаш или сега кажувавте невистина или како велиме на македонски лага.

Зборувате за правната сопственост. Вие сакате да продадете објект кој ќе чини 3 - 4 милијарди и велите дека сеуште има нерегулирани имотно правни односи. И вие да дојдете да купувате нешто од мене, ако ви кажам ова е мое ама немам документ, вие ќе ми дадете милијарда долора и се ќе биде завршено, а ТЕЦ Битола ќе биде ваша! Господине министре, малку сериозност!

Кажувате дека се што правела претходната Влада вие само сте го препишале и фризирале, а господата се горди дека тој закон го одбранија и дека не било така. Кажувате дека Регулаторната комисија некогаш ќе функционира. Кога ќе функционира, ќе видиме, многу такви агенции се формираа, па не функционираат. Затоа, немојте така гордо и храбро да велите дека сте работеле во овие 16 месеци, но треба да кажете што сте направиле.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за господинот Блаже Стојаноски, три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Она што го кажа министерот повеќе пати е слушнато и навистина не знам зошто не можеме да се разбереме. Вие предлагате закон за преобразба на Електростопанство на Македонија. Согласно Законот за трговски друштва преобразбата може да помине и без закон. Сопственикот на доминантниот пакет на акции, а тоа е државата односно Владата како извршна власт во оваа држава, може да донесе одлука со која ќе изврши преобразба на Електростопанство на Македонија, бидејќи се јавува како основач на Електростопанство на Македонија,

затоа што преобразбата не е ништо друго туку само одвојување на преносниот систем и диспечерскиот систем од производството и дистрибуцијата. Тоа е едната работа и нема потреба да правиме проблеми околу преобразбата на овој начин на Електростопанство на Македонија.

Проблемот за кој зборуваме веќе трет ден е во однос на еден член со кој сакате да го покриете целокупниот процес на приватизација на Електростопанство на Македонија. Ако е неопходно да се донесе закон за да можат да се земат тие 45 милиони евра од Европската банка за обнова и развој, тогаш ве молам предложете закон за задолжување на Република Македонија кон Европската банка за обнова и развој и за учество на Европската банка за обнова и развој во приватизациониот процес на Електростопанство на Македонија, а немојте со еден член да го заменувате целокупниот закон во кој треба како Парламент да ги утврдиме клаузулите, критериумите и условите кои треба да бидат почитувани од Владата при продажбата на Електростопанство на Македонија.

Ова се работите за кои зборувавме вчера и денес, а се надевам дека се разбравме дека е неопходно да се донесе посебен закон за приватизацијата на Електростопанство на Македонија. Овој закон не претставува тоа, овој закон претставува само покритие за сите активности кои ги презема Владата во овој правец.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор ...

(Реакција од пратеникот Спиро Мавровски)

Јас реков дали некој друг бара збор. Тој проблем го познавате и тој треба да се реши. Затоа, кога ќе заврши вашата реплика, вклучете го копчето. Затоа прашувам дали некој друг бара збор.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Уште на самиот почеток треба да се договорите, ова навистина е проблем и треба да го разрешите на технички начин, апсолутно може да се заборави бидејќи сме пријавени од вчера и не е коректно.

Би сакал да проговорам за неколку работи. Еве, во сите дискусии што ги слушаме провејува дека едноставно сакаме да ја замаеме македонската јавност

дека со ова сме толку транспарентни што не може по транспарентно да се завршат некои работи и после тоа ќе биде виновна некоја друга комисија која ќе ги разгледува сите документи што Парламентот денес ќе ги донесе.

Ова е закон за приватизација на Електростопанство на Македонија. Апсолутно не се работи за преобразба, метаморфоза или не знам уште како ќе ја наречеме. Реструктуирањето, како што кажавме, со една одлука Владата можеше да го заврши, за да не браниме овде веќе трет ден нешто за што сме согласни сите, за реструктиурање на Електростопанство час поскоро затоа што тоа е предлог и на Европската унија. Тоа е мислење и на сите стручњаци што ја познаваат проблематиката, како и воопшто на сите граѓани и едноставно нема проблем. Значи, реструктуирање - да, но начинот на кој ќе биде објаснето понатаму, дали тоа ќе бидат две организации или три - еве министерот кажуваше дека во Бугарија дистрибутивните мрежи биле поделени на седум, а колку мрежи ќе бидат во Македонија, две или три, сеуште не е дефинирано. Се надеваме дека тоа може да се дефинира. Се додека тоа не се дефинира, апсолутно не е можнода говориме за приватизација.

Вие сакате на една мала врата да поминете со продажба на Електростопанство на Македонија, за кое толку гордо говоревте дека тоа е златното теле на Република Македонија, тоа е единственото благо што останало за граѓаните на Република Македонија  и дека сте горди што тоа го запревте, а сега така галантно се обидувате многу лесно сето тоа да го поминете, без оглед на размислувањата на опозицијата дека овој закон ќе треба да биде донесен.

Едноставно на граѓаните на Република Македонија треба да им ја образложите причината зошто е потребно ова реструктуирање во таа приватизација и тој закон што го имавте пред вас, задолжување во Европската банка за обнова и развој со 45 милиони евра, за кои гарант треба да биде Собранието на Република Македонија. Со тоа сите не ставате во улога на заложници, значи сите пратеници и оние што сватиле за што говориме и оние што не сватиле за што говориме, затоа што едноставно тоа ќе беше така и никако поинаку, ќе се земеа тие 45 милиони и ќе се донесеше закон, како што беше претходниот закон за Електростопанство, каде ние како Парламент бевме тие што се задолжија и Електростопанство преку Парламентот при  Европаската банка за обнова и развој се задолжи со 53 милиони евра од кои 40 милиони евра беа за изградба на далекуводот од Штип до Република Бугарија, а другите 13 милиони за изградба на дистрибутивните трафостаници.

Во вашите говорења на целата позиција велите дека сето ова е многу транспарентно. Не знам каде ја гледате транспарентноста, но во секој случај, јас не гледам никаква транспарентност. Овде се работи само за подметнување. Зошто го говорам тоа? Поради многу причини.

Господата од позицијата кажуваат дека кога ќе се усвои законот, целиот закон ќе биде подложен на една голема анализа пред јавноста, пред стручните тимови и сите оние кои треба да донесат некои решенија. Јас мислам дека транспарентноста подразбира прво говорење за она што сакаме да го донесеме, значи говорење за она што треба да биде и нашите забелешки да бидат вградени во законот како што е секаде во светот, а не обратно, прво да се донесе законот па нашите забелешки ќе ги дадеме врз основа на законот, врз основа на членовите. Мислам дека апсолутно не е в ред.

Уште еднаш посебно сакам да нагласам за членот 7, особено ставот 3, каде кажувате дека приватизацијата може да се изврши “и на друг начин утврден со закон”. Господине министре, апсолутно не можете да обвините никој дека ова е толку транспарентно што дури не може да се види. Во секој случај, тоа е ваша работа.

Протуркавте и се обидувате да протуркате теза дека сте ја запреле приватизацијата. Вие говорите, посебно колегите од позицијата една голема лага, затоа што во вашите тогашни говори велевте дека знаете и каде се префрлени парите за тогашната Влада, на кои жиро сметки се вложени, некаде во Западна Европа и дека Електростопанство е продадено. Сега испадна дека од тоа нема ништо, Електростопанство не е продадено, и што се случува? Дали тие пари некаде лежат на некоја сметка, треба да се префрлат за оваа Влада, за некои луѓе што ќе ја завршат оваа работа, или пак и тогаш и сега се немало вкус за она што се говорело.

Во вашите говори зборувавте дека тогаш не биле задоволени неколку услови, па за да се стигне до процесот на приватизација, требаше да се направи Регулаторната комисија за која имавте голема забелешка на Владата, за нејзината нетранспарентност и невклучвање во работењето и прватизацијата, во работењето на приватизацијата и велите дека за Регулаторната комисија тогашната Влада направила наместо да ја дефинира Собранието, тогаш ја дефинирала Владата на Република Македонија и дека тоа требало да биде донесено со закон, но кој не се изгласа.

Вие, господа, ја имавте таа среќа или несреќа со Вашата Влада да ја направите токму оваа Регулаторна комисија, без притоа да консултирате некој од

опозицијата, а уште помалку некој од опозицијата да биде член на Регулаторната комисија. И покрај тоа што многу луѓе и денес ја познаваат оваа проблематика многу повеќе од господата што вие ги избравте и за кои расправавме овде на една седница на Парламентот, каде изгубивме многу време за да не убедите дека некој господин е токму во Регулаторната комисија затоа што во неговата лична карта е населбата Дреновец и дека има возачка дозвола од Б категорија, а некој друг толку стручен човек кој треба да ги води, како што кажува министерот, сите овие работи околу Регулаторната комисија, која сега е параван пред Владата, затоа што Владата и министерот за економија нема контрола врз цените, затоа што тука е Регулаторната комисија и со нејзината независност Република Македонија апсолутно живее идилижно и имаме апсолутно независно тело кое ги дава сите цени и определува што и како понатаму ќе се движи во Република Македонија. Другиот господин (јас не сакам да го наваредам) беше стечаен работник, кој подолго време не е на работно место. Тие луѓе во моментот примаат плата од 80 илјада денари. Ако вие господа мислите дека тие пет луѓе во Република Македонија можат да ја регулираат целата оваа проблематика и да бидат главните кои ќе учествуваат во приватизацијата на Електростопанство, имаме еден проблем. Вие господине министер, во вашата Влада имате двајца или тројца енергетичари, не знам дали и толку имате, а областа енергетика се наоѓа токму кај вас. Мислам дека премиерот и идниот премиер на Република Македонија треба сериозно да размислува за отворање Министерство за енергетика, затоа што и со оваа Регулаторна комисија и овие 5 луѓе апсолутно ништо не е решено. Таа Регулаторна комисија и начинот на кој е формирана и функционира е направена проформа за да има покритие пред вас и пред јавноста. Зошто е така ќе кажете вие, кажува и самата Регулаторна комисија со изјавите на нејзиниот директор, кој вели дека со изградбата, уште во самиот старт, кога претседателот на Владата со трите лопати во Света Петка кажа дека инвестициониот период во Македонија започнува на голема врата, изјавата на господинот претседател на Регулаторната комисија беше дека во моментот, после изградбата на оваа централа, треба да размислуваме за зголемување на цената на електричната енергија. И другата изјава е дека чекаме да биде направена завршната сметка во Електростопанство на Македонија, за да може Регулаторната комисија да каже дали ќе има или ќе нема поскапување на цената на електричната енергија. Од овие две изјави апсолутно ја гледам независноста на оваа Комисија.

Тука беше и предлогот на госпоѓата пратеник Борозан, која имаше предложено закон за основање Агенција за енергетика, но на инсистирање на Владата изгледа многу брзо ја повлече таа одлука и едноставно не сакаше ниту да се бори за неа. Зошто, сигурно најдобро знае таа, но во секој случај предлгоот останува, затоа што многу подобро ќе биде да има министерство за енергетика.

Другиот услов, освен оваа Регулаторна комисија, кажавте дека е реструктуирањето, кое во тој момент кажувате дека не беше завршено. За какво реструктуирање сега говорите? Дали реструктуирањето во Електростопанство сега е завршено, дали тоа беше завршено во јуни 2003 година кога со сите откасни решенија на 1.100 вработени кои тогаш беа отпуштени, се бркаа во името на реструктуирани промени во Електростопанство и врз основа на тие промени тие луѓе беа исклучени од работните места. Дали лажевте тогаш во мај, јуни или лажете сега дека почнувате со реструктуирање и дали имате донесено заклучоци за овие две претпријатија, затоа што велите дека треба да се создаде конкуренција, двете претпријатија кои ги правите во државна сопственост меѓусебно не се конкурентни затоа што не работат на иста проблематика. Дали сега со ова говорите дека се формирани нови независни единици кои ќе функционираат комерцијално, без меѓусебни можности за наплата, затоа што Регулаторната комисија нема направено тарифи и регулација на истото. Дали се овие единици конкурентни меѓу себе.

Господине министре, вие сте нов во Министерството за економија. Во Електростопанство ова реструктуирање по единици така функционираше долго време, уште пред овие промени на државата. Значи преносот, дистрибуцијата и производството работеа одделено едни од други, така функционираат и сега и затоа господинот генерален директор може да ги казнува директорите на дистрибуција заради нереализираност, но тоа е тоа што вие сакате да го кажете.

Вам ви се потребни два формални услови за приватизацијата, а тоа е Регулаторната комисија е реструктуирањето. Но и двата услови, како што кажав, се проформа и не функционираат како релевантни фактори.

Што во моментот нудите и што е изменето од 2002 година до сега, дали Македонија е влезена во Европската унија? Мислам дека не. Економските услови што во моментот достигнуваат бројка, како што кажавте во 2002 година со 369 илјади невработени, а сега преку 400 илјади невработени, дали тоа кажува дека економијата во Република Македонија е многу подобра од она што беше 2002 година. Дали падот на индустриското производство од цели 45% во месец јануари кажува дека Македонија има светла иднина. Дали тоа што премиерот бега од сите

овие одговорности и обврски кои ги зел како да ја води Вашата Влада и ве остава сега сами, сето тоа треба да го одговорите. Дали политичките услови - колку што се сеќавам, денес е 24 март, а на 14 април треба да бидат изборите, значи за 20 дена имаме избори и овој предлог на претседателот на Владата го поставувате сега 20 дена пред изборите, а ние во Парламентот расправаме веќе трет ден. Може да расправаме уште три дена, можеме да расправаме и до самите избори, ако одлучи Парламентот и понатаму да работи.

Понатаму, мислам дека заложбата беше ова што го нудите како реструктуирање, апсолутно не е проблем, не мора ни Парламентот да одлучува, направете го. За приватизација немојте со еден член да сакате да протуркате нешто што не е така. Затоа министре размислете добро.

Понатаму, говориме за либерализација. Либерализацијата како процес ние требаше некаде до крајот на 2003 година да имаме 30% либерализиран пазар и на крајот на 2005 година 100% либерализиран пазар. Госпоѓата Борозан вчера објасни добро, министерот излгеда не беше присутен на нејзиното образлагање затоа што ова либерализација всушност е она што треба да биде. Значи, тоа е можноста за големите, крупните потрошувачи на електрична енергија да можеме едноставно да им дозволиме да можат да купуваат електрична енергија во првиот момент од пазарот на југоисточна Европа, а понатаму од вкупниот Европски пазар.

Реструктуирањето, не измислувате топла вода, како што не измислувале и претходните, туку според регулативниот документ на Европската унија за градење на внатрешниот пазар на електрична енергија т.е. директивата 2003 /54 ние и така ќе моравме да ја вградиме во Законот според заложибите на Европската комисија за електрична енергија. Така да и тука г-дине министре апсолутно не е измислена топлата вода и кажавме дека со реструктуирањето сите се сложивме. Истата треба да претставува референтна рамка на моделот за реструктуирање.

Сега многу често говорите дека го консултиравте и дека сите предвидувања што ги имате пред вас се токму оние на консултантот кој што го определи претходната Влада, но јас би ве потсетил само на еден краток пасус токму од нивниот извештај за кој што говоревме некаде во јули 2003 година, во кој што тие говорат “се добива впечаток дека најголемиот број на придружници каде се јавуваат високи загуби (Скопје, Куманово, Гостивар и Штип) се нема доволен број на вработени во споредба со другите”.

Вие г-дине министре тогаш не бевте министер за жал, или за среќа може би сега ќе бевте променети, но во секој случај тогашниот министер ова што беше од

консултантнската куќа Мајнел Банк, апсолутно не го прифати а сега кажувате дека целиот закон и се што работите, работите токму во содејство со она што го правеше Мајнел Банк. Ова е токму од Мајнел Банк, и на нашите укажувања дека треба да се види мислењето на консултантската куќа вие едноставно ги избркавте работниците од работа и тоа е тоа.

Значи, според ова либерализација и реструктуирање да и тука се сложуваме, апсолутно немаме никакви спорни точки, но приватизацијата ни со една директива, ниту со закон, ниту со ништо, апсолутно и тоа вие г-дине министер во вашето образложение апсолутно го кажавте истото. Ние сеуште немаме апсолутно ништо припремено, а вие говорите дека сте спремни во наредните 2-3 месеци сето тоа да го направите и да бидеме спремни за приватизација. Значи, од јули ќе почнете многу интензивно со сите длабински, со сите снимања кои ќе може да бидат на комерцијалниот пазар и се останато.

Во тие три месеци кажувате дека ќе се изгради моделот и стратегијата за приватизација, ќе се изврши уредување на капиталот, повторно не кажувате како. Еднаш кажувате дека има пазарна цена, еднаш кажувате за цената која што не ја говоревте, па потоа ќе треба да подготвите документација за имплементација на приватизацијата, па ќе треба да распишете еден меѓународен тендер, па прекфалификација на тој тендер и вие кажувате дека сето тоа за еден објект како што е ЕСМ ќе го направите и морате да го направите до крајот на 2005 година, значи до предизборната година како што милуваат да кажуваат пратениците од тогашната опозиција, парите за наредните избори веќе ги имате спремено.

Кога тоа некој го кажува сега, за вас е тоа некоректно, не е во ред, но вие сте спремни за 12 месеци се да продадете, а многу често еве и во вашето излагање, јас се извинувам, и во вашето излагање кажувате дека претходната Влада на Љубчо Ѓеорѓиевски беше спремна за шест месеци да го продаде Електростопанство и тоа неколку пати го повторувате, што апсолутно не е точно, и апсолутно ниту го кажал некој од тие пратеници, кои тогаш биле на овие парламентарни седници и не може да го каже затоа што не е вистина.

Ние, во основа господа сме еден многу мал систем, и тоа треба да го сфатиме, од негде 1450 мега вати, со максимално ангажирани 1300 мега вати. И тоа е тоа. Тоа е нашата судбина, ние можеби како систем за Република Македонија се столб на ова стопанство и она што Република Македонија опстојува, но во однос на соседните системи верувајте ми ние сме само еден сегмент, или еден поголем број на термоелектрани во круг кој што работат кај нашите соседи. Тоа е нашата сила и

затоа не можеме да говориме дека ние сме тие што ќе диктираат на пазарот и ние сме тие што ќе прават нешто и што ќе ги променат овие активности. Зошто го говорам тоа? Затоа што и денеска ние купуваме електрична енергија, со тоа што понатаму тој пазар се отвора, но во зависност од тоа како ќе се развива нашето стопанство, нашата економија, ќе имаме потреба од поголема или помала количина на електрична енергија.

Јас би прашал сега, бидејќи кажувате дека е ова завршено, тоа реструктуирање е завршено дали ја имаме и колкава е финансиската вредност на АД МЕПСО, не би говорел за она што кажувате дека ќе биде предмет на приватизација или продажба, значи дистрибуција и производство, говорам за она претпријатие кое самата Влада мисли и кажува во Законот дека тоа ќе остане и понатаму во државна сопственост. Сето тоа е во ред, јас би запрашал колкава е финансиската конструкција и вкупната вредност на ова претпријатие, дали правно во однос на ова претпријатие се е регулирано, затоа што и сега со одлуки на Управен одбор се бара да се купат апарати за геодетско снимање и покрај тоа што министерот не убедува дека се е тука завршено. Ако сега се бараат апарати за геодетско снимање, значи има проблеми и колегите во Електростопанство на Македонија.

Со кои одлуки, според министерот кажува дека тоа е главното нешто што во моментот функционира, тоа е наплатата која што е зголемена за повеќе од 23%. Јас би сакал да кажам неколку работи. Одлуките со кои што се зголемува наплатата апсолутно не прилегаат на она што сакаме утре еден објект да го продадеме во ЕУ, претпоставувам дека ќе бидат купувачите оттаму, затоа што наплата на електрична енергија со ангарија, наплата на електрична енергија со ОБСЕ, со полиција, со агенции за обезбедување (ОСА), задршка на плата на вработените, затоа што немале платено електрична енергија, казни на директори и покрај тоа што говориме дека наплатата е извонредна, јас би сакал само да кажам од едно известување каде што се кажува кака е моменталната наплата “ и говориме и покрај постојаните укажувања за зголемување на наплатата на електрична енергија која значи живот за нормално функционирање на нашиот систем резултатите се испод очекувањата односно разочарувачки. Би сакал да ве известам како најодговорни луѓе во вашите подружници дека во колку и во идниот перио дпродолжи ваквиот тренд ќе ги преземам следните мерки за слаба наплата”.

Господа јас ова го читам, ова е нешто што може би колегите го немаат видено и може би нема да го видат. Можам да ви ги кажам и одлуките под кој број се

донесени за сите овие начини како треба да функционира Електростопанство, и верувајте ми дека со ваквиот начин, ние сме многу поблиску до Сибир отколку до ЕУ.

Понатаму, во моментот против ЕСМ, говориме веќе за приватизација, г-динот министер апсолутно ниеднаш не го спомна тоа, се покренати повеќе од 1100 тужби, од сите оние кои што беа избркани во јуни 2003 година. Во моментов во повеќе случаи има позитивни решенија и одлука за враќање на тие вработени на своите работни места. Во меѓувреме се случија апсурдни ситуации. Луѓето што беа тогаш бркани да бидат повикувани со договор на дело да ја работат истата работа што ја работеле и со тоа што имаше закани едноставно тие луѓе да не бараат оштета и да ги повлечат тужбите од редовните судови. Мислам дека тоа ќе биде еден голем проблем. За сето ова имаше говорење дека во ЕСМ има и преголем број на в работени, зошто се правниците, зошто се економистите, но во овој случај ЕСМ со договор на дело склучува договори во кои што ангажира адвокати, во кои што ангажира надворешни лица кои што ќе можат да вршат еваулација за тендерите кои што ќе ги распишува електростопанство на Македонија. За мене апсолутно тоа не е јасно и мислам дека такви работи не смеат да се дозволуваат. Она што кажуваме дека раководството се ангажира премногу и дека има преголеми заштеди јас би кажал нешто друго. Апсолутно никаде не се спомнуваат загубите кои што, верувајте ми и на бројките дека се преголеми. Такви прашања имаше и во Парламентот г-динот министер, екс министер имаше еден одговор за преливот кој што се случи во Глобочица, кој што беше со штета од повеќе од 220 илјади Евра, но во самиот одговор сепак сакаат некои работи да се променат и да не бидат така како што се прашани. Но, во секој случај министерот го нема, не би сакал сега повторно и покрај тоа што сега остана една празнина до нашите колеги да не го разберат сето тоа, исто големиот дефект на ХЦ Шпиље, Тиквеш изгоре генератор и прелив на Езерото, неискористени повеќе од милион евра, Маврово стопени лаѓери, не би сакал да говорам за она што РЕК Осломеј работи со 50% од капацитетот и според билансот на она што значи работа во 2003 година, и кој што биланс го прави ЕСМ, значи 50% од она што беше предвидено. Наместо 500 гигавати, 256 гигавати. РЕК Битола секогаш работи константно добро, максимално, повеќе од 100% и тука нема никакви проблеми. Она што значеше неработење на ТЕ РЕК Битола, од нова година до оваа седмица, некаде две недели апсолутно во ниедни средства за информирање не беше известено, а сега тоа е претставено како да е тоа ремонт. За сега ремонт во

овие 20 и повеќе години во РЕК Битола да се прави токму за нова година, на Василица, апсолутно мислам дека е ова прв и да даде господ последен ремонт.

Јас би сакал од она што после моето последно јавување се говореше од повеќе дискутанти, во тие реплики некои работи се зафатени, некои не успеавме да ги кажеме, во тие три минути, би сакал во мојот говор да се осврнам на некои работи кои беа кажани.

Ни беше кажано тука и презентирана методологија на цени, дека цената е фиксна, но во различни држави тоа различно функционира, така да не мора да е таа методологија на определување на цените. Во зависност од изворот од каде што доаѓа електричната енергија јас тука би ја спомнал Романија каде што имаме различни цени од хидроцентрали, од термоцентрали, и затоа при понатамошниот модел ќе треба повеќе да се внимава што ќе одбереме. И сега во цената на киловатчасот има 33% ангажирана моќност, која се дефинира за термоелектраните но мислам дека тие средства многу тешко доаѓаат за оние за кои што се стварно наменети.

Говорите дека со овој закон после приватизацијата наплатата ќе биде апсолутно зголемена, но заборавате да кажете дека дистрибутивните мрежи ќе бидат приватизирани, така да наплатата и колку да биде тоа е наплата која што ќе ја прави новиот газда, така да апсолутно државата во тоа ако може сега да го направи средствата ќе бидат големи и ќе може да ги има тие средства за себе. Ако ја направи приватник, тогаш тие средства ќе бидат точно негови, така да ова да функционира, да кажуваме дека ќе има максимална, 100% наплата и сега само 2 вакви дистрибутивни центри во Романија се продадени, но наплатата е некаде околу 99%.

Во однос на стимулирањето на вработувањето кога новите газди ќе дојдат слушнавме дека тоа е голем предуслов тие да вработат нови висококвалификувани кадри, вие господо избркавте 1100 луѓе, од нив 117 со високо образование, 67 со више образование и 414 со средно образование. Говоревте за РЕК Битола, дека едноставно мора да продолжи со работа, јас се сложувам дека без РЕК Битола и министерот искажуваше свои видувања, но изгледа не е докрај запознат со актуелната состојба, јас мислам дека РЕК Битола во сите ситуации, за било кој да биде купувач на РЕК Битола, апсолутно треба да се задолжи инвестиционо, за отворање на нови рудници, ако тоа веќе не може да го направи Република Македонија,со своите активности кои што во моментов ги прави, јас сум убеден дека со аплицирање, со барање на некои средства од ЕУ, и преку Грција која што е

задолжена за нашата држава покрај сите тие студии и анализи што се повторуваат по втор и по трет пат, така рудник не ќе можеме да отвориме. Рудник се отвора во наредните пет години сигурно дека многу тешко ќе можеме да стигнеме до јагленот кој што ќе треба да доаѓа до ТЕЦ, но во секој случај резервите на јаглед во рудникот Суводол се намалуваат, се ближиме кон крајот и затоа треба да го имаме тоа во предвид и ако не се почне многу брзо со работа мислам дека ситуацијата би била катастрофална. Сега се наоѓаме во еден дисконтинуитет, затоа што господата од ЕСМ кажуваат дека главното нешто што сега треба да се прави и треба да се направи е тоа дека во иднина е отворање на една гасна електрана, после оваа приватизација или пред оваа приватизација, незнам дали ЕСМ повторно ќе се задолжи со негде 100 милиони евра за да почне да ја гради таа гасна електрана. Дали ќе биде 2004 година, сигурно дека не е, 2005 година веќе е во фаза на приватизација, на продажба, незнам кој кога би се одлучил нешто да купува кога ќе има други објекти кои ќе бидат сигурно многу порентабилни од нешто што тој треба да почне да го работи и да го прави. Токму затоа Грција не ја направи таа приватизација и сите оние што сакаат да добијат добиваат, но, начинот е да изградат сопствени капацитети и на тој начин да можат да учествуваат во Електростопанството на Грција.

Јас господинот министер знам дека е излезен, но мислам дека суша па ќе можеме понатаму да проговориме затоа што во своите искажувања кажа неколку работи што воопшто не се точни. Јас би кажал за увозот на електричната енергија кој како податок го изнесе дека 2002 година се увезени 1200 гигават саати, што апсолутно не е точно. 2002 година се увезени 613 гигават саати и тоа со доток на хидроенергија во хидроелектричните централи од 670 гигават саати, 2003 година се увезе 969 гигават саати, со доток од 1200 гигават саати, а 2004 година, веќе имаме тендер за 1600 гигават саати, или за повеќе од 2,5 саати, или скоро три пати заедно со оваа хидроенергија што ја имаме и оваа година, но, сега цената на електричната енергија на пазарот е поголема за цели 30% и оваа цена на електричната енергија сигурно најповеќе ќе ја почувствуваат граѓаните на Република Македонија врзсвојот грб, затоа што тие ќе треба да ја плаќаат цената.

Исто на министерот му беше многу смешно со јагленот како можело да се троши пвоеше одколку што го има. Јагленот може да се троши толку колку што бара електричната централа и тоа е се во ред, но треба да знаеме како што кажав дека се движиме до крајните точки на рудникот, така што колегите што сега работат во рудникот Суводол, за година, две или три, нема да бидат во можност ова што е

билансно предвидено 6 милиони тони јаглен, апсолутно не ќе можат да го постигнат, за да може да се работи.

Понатаму, посебно поглавје беше излагањето на г. Јани Макрадули, кој може се и секого да навреди, да плука по сите затоа што кажа дека  бил тој таков политичар, да се служи со ниски удари.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Немојте со такви квалификации, посебно што колегата не е ни присутен

СПИРО МАВРОВСКИ:

Претседателке, колегата не е тука но се случува една работа која што г. Макрадули ја повторува барем најмалку пет пати. Господинот претседател  на една седница во раните утрински часови, кога ние прекинавме, едноставно не дозволи да имаме контра реплики . Таа седница продолжи после две недели и прашањето остана така. Ако г. Мавровски си дозволи да чита од некого стенограми, јас незнам дали е тука присутен г. Замир Дика со кој што во договор, затоа што г. Замир Дика во својот говор ги имаше точно оние податоци на тетовскиот универзитет и југоисточна Европа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега ова е сепак надвор од точката.

СПИРО МАВРОВСКИ:

И во текот на вчерашната дискусија на г. Макрадули споманв повторно, ако не се расчистиме, мислам дека апсолутно ќе бидам јас надвор од точката, а некој секој во точката и тука ќе имаме проблем ѓо потпретседателке. Тоа е две минути во контекст на сето ова што некој го оговори и се обидува да го говори. Затоа што верувајте ми ако некој говори еден саат и вие во една минута во вашата реплика кажете дека се ова е лага, ова ништо од ова, вие сте член на навивачката група и со тоа мисли дека некој за тоа ќе верува. Јас дека сум бил директор на ЕСМ во РЕК - Битола, сигурно дека е заслужна партијата. Но немој да мисли ниту г. Макрадули, ниту пак јас мислам така дека сум најпаметен во мојата партија, а уште помалку тој , за што има многу попаметни од нас и ние сме тука пратеници и мислам дека точно во овој контекс го говорам, личните навреди се трудам за секој од коелгите пратеници, апсолутно никој не сум навредил лично, вклучувајќи ве сигурон и вас

иако сме дошле многу пати во конфроктирачки состојби. Господинот Макрадули, едноставно како претставник на позицијата треба да се контролира и личните навреди треба да ги тргне на страна. Јас немам апсолутно срам од ништо и не се срамам за се што сум направил во животот, јас сум православен и верувам во госпот така да тој е за мене тој што треба да ми суди, ако некој мисли инаку, а најмалку тоа ќе биде г. Макрадули . Затоа, во контекст на ова би сакал да кажам дека она што тој го говореше во неговиот говор да го повтори истиот говор кој што го кажуваше пред две години, апсолутно ништо не е променето од тогаш што беше против тие заложби, овој закон да не се донесе , неговото што можасм да се согласам, тоа е либерализацијата и за кое што говорев. Но побарав и сега објаснување , кое е објаснувањето, како можеме да кажеме дека регулаторната комисија, сега во моментот обезбедува сигурно и безбедно снабдување со електрична енергија, за кое што г. Макрадули тогаш велеше дека не е обезбедена. Јас повторно не би сакал од таа комисја да навредам, затоа што тие пет луѓе, апсолутно не се во можност да го прават тоа за кое што се избрани. Тоа е голем проблем. Тие луѓе треба да имаат барем најмалку 50 стручни советници кои што ќе почнат, и државата ќе почне да работи на проблемот енергетика. А и во тие пет луѓе енергетичари има еден или двајца. Сите другите се правници, економисти и повторно од некои други свеи, така да остануваме на еден или двајца луѓе. Тука е големиот проблем. Кажувате дека тогаш нема модел на приватизација. Дали сега имаме модел на приватизација. Дали е избран моделот за приватизација. Значи, повторно немаме. Тогаш говореше г. Макрадули дека тогаш цените биле 3 милијарди, а сега стигнале до една милијарда. Јас би го прашал колку е во моментот вкупната цена на ЕСМ. Дали е тоа една милијарда, 5 милијарди, 10 милијарди или 500 милиони, затоа што во моментот Република Македонија при Европската банка за обнова и развој е задолжена со еден кредит од 53 милиони, изградбата на црквата Света Петка уште 45 милиони и 45 милиони што треба да ги добиеме за реструктуирање и приватизација, тоа се некаде околу 150 милиони евра. Тоа е огромна сума на средства која што кога ќе се претвори во акции, незнам колку таа пазарна цена на ЕСМ ,може да биде постигната, со кој дел со акциите ќе учествува Европската банка за обнова и развој. Мислам дека тоа апсолутно тука не е кажано.

Говорите дека тогаш се сакало да се направи монопол и дека сакал да го купи само еден газда. Со кој член од законот сега кажувате дека тоа нема да се случи, затоа што во членот 7 се говори приватизацијата на АД ЕСМ и друштвата основани од него може да се изврши преку продажба на дел или на сите акции. Значи

апсолутно вие не ограничувате дека повторно тие делови што ќе останат надвор, т.е. со преносот и од она државно претпријатие што го кажавме МЕПСО дека некој ќе може да ги купи сите. И тогаш и сега, по регулативите на Европската заедница и по она што консултантот го кажуваше, а ќе си дозволам да кажам што кажуваше консултантот и зошто тој е одбиен за да се изврши таа приватизација, а не да се кажува дека поради говорењето и поради незнам уште кои факти тука не е направено тоа. Шест месеци апсолутно, не се спомнати никаде, што одговорно тврдам дека не е така, значи тоа е што се однесува во однос на цените и за монополот.

Понатаму, легислативата . И тогаш говореврте, а и сега говорите дека 2000-та, 2001 година ЕСМ од јавно претпријатие е претворено во акционерско друштво. Јас незнам Законот за трговски друштва дали е променет од 2001 до денес и како е променет, дали тогаш под ваквите услови не важела истата легислатива, како што важи и денеска. И покрај нашето настојување, врз основа на таа легислатива , како трговско друштво АД ЕСМ денеска да биде реструктуирано со одлука на Влада, ние и понатаму сме упорни да го протуркаме членот 7 и да го приватизираме. Говоревте тогаш за политичките услови. Говоревте дека два месеци пред избори се наоѓаме и дека тоа е еден многу фантастичен период да се соберат сите средства, да ги имаме сите средства за наредните избори кои што треба да се фалсификуваат. Сега сме 20 дена пред нови претседателски избори и вие говорите дека тоа е сосема нормално и дека така треба да биде и сега хипокризија или за незнам за што се работи, во секој случај ќе требаше да имате доблест, ако тогаш баравте да се повлече, да се повлече и сега. Затоа што два месеци сигурно се поголем период од некои 20 дена. И останува на тврдењето дека можеме и сега и со мојата амандманска расправа и моите амандмани што ги имам поднесено дека треба да говориме евентуално за реструктуирање. Не смееме на оваа седница да говориме за приватизација. И тогаш се изнесуваа невистини. Се говореше дека ЕСМ е веќе продадено, за кого се прави далекозодот Дуброво - Штип, од каде ќе бидат тие пари, но тој далековод се направи. И добро е што е појдовен и мислам дека е клучен во развојот на ЕСМ и врзувањето на 400 киловолтната страна со соседна Бугарија. Тој далековод, еве сега со кредит од 40 милиони евра којние го потпишавме овде сите заедно, мислам дека ќе биде продолжение на она што значеше тогашна работа. Денеска во овој Парламент ние повторно потпишавме еден кредит од 13 милиони евра , кој што се однесуваше на дистрибутивните трафостаници , посебно на трафостаницата Скопје-5, но уште недојдени парите и уште непотпишан договорот,

господата од ЕСМ ги повикаа колегите пратеинци и министерот на отворање на дистрибутивната трафостаница во Скопје. Сега таа трафостаница чинеше 9 милиони евра, кредитот беше 13 милиони евра, незнам дали тој кредит е искористен, токму за таа дистрибутивна трафостаница, или се работи за нешто друго. Јас многу жалам, мислев дека г. Макрадули ќе биде тука, незнам дали ќе имам можност во друга прилика, затоа што ќе биде повторно надвор од темата, би го прашал, многу често зборува за дубиози, за арамилак, за кривични пријави, за РЕК - Битола. Би го прашал сао нешто. Дали му значи нешто фирмата МАКРО од Битола или тој како премиер не ги знае своите први и втори братучеди. Се работи за едно барање број 0659 од 2003 година од 10.04, и покрај двојно поголемата цена ја добива работата пред фирмата која што добива на тендер.
Затоа многу демагогии не треба , антикорупциската комисија ќе го каже својот збор и мислам дека доста често г. Макрадули ги чита стенографските белешки, ќе може и овој пат да ги прочита.

Понатаму кажав дека со договор на дело, договорот е 0410519/1 од 30.12.2003 , се склучува договор со лице за стручна помош за евоулација за понудите по тендерски документи за кредит од Светска банка со одлука број 026899/21/2од 16.09.2003 година, се ангажираат пет адвокати, со можност тој број да биде проширен и зголемен . Овие адвокати се ангажираат хонорарно за 45 иљади денари месечен надоместок и 200 евра за успешно завршен предмет, плус платени средства за превоз. Овие адвокати така ја зафатија својата работа , што едноставно бараат секаде изземање каде што има добивање во одредени процеси на оние вработени кои што беа бркани, но во сеој случај секој си ја работи својата работа за која што е платен и за кое што кажувавме дека едноставно ЕСМ нема пари и дека не би требало така да функционира. Овие документи ќе бидат приложени, така да ако има некој заинтересиран може слободно да ги погледне. Тука од колегите пратеници слушнав загриженост за тоа што направила претходната Влада, зошто не ги решила прашањата на вработените и дека сега се" леат крокодилски солзи" дека сето тоа е така како оваа Влада решила да помогне и да направи нешто што навистина сите ќе бидеме задоволни , посебно вработените во ЕСМ. Јас и колегата што е многу заинересиран не го гледам тука . Ми кажал, за да се биде транспарентен, не е доволно да го кажете зборот "транспарентност". Треба да работите во таква ситуација и навистина да бидете транспарентни, а транспарентни неможеме да бидеме, затоа што на самите седници на Парламентот многу пати научуваме работи, кои што едноставно како пратеници, мислам требаше да бидеме сите

рамноправни и да ги знаеме пред донесувањето на било кој закон и да говориме по истата работа.

Но еве сега би сакал да кажам што направила претходната Влада за синдикатот, посебно за вработените на ЕСМ со документ од Управен одбор 026150/23 од 27.10.2000 година. Се говори за вклучување на синдикатот во приватизацијата, потоа со одлука број 09109/2 од 26.02.2001 година, тоа е одлука на Влада на Република Македонија , синдикатот директно се вклучува во работата на Комисијата, што сега апсолутно не е случај.

И на крајот, барањата на Синдикатот број 2108 од 14.01.2002 година е преточено во два амандмана на членот 69 од Законот за енергетика, тоа се членовите 69-ѓ , 69-е, за кои што вие го докажавте дека едноставно не дозволивте да се изврши таа приватизација. И кога сме веќе кај приватизацијата, имав можност во текот на вчерашниот ден  и покрај оваа долга расправа да видам нешто што значи документи и факти и бројки, кои значат приватизациони процеси во Република Македонија од нашето осамостојување до денеска  и тоа многу кажува дека СДСМ едноставно не го бива за приватизација, затоа што и покрај тоа што имаше можност да приватизира 90% од вкупниот капитал во стопанството на Република Македонија , за него наплати исто колку што е продадено останатите 10% и затоа и сега се плашам со овие подметнување во членот 7 да не се слу!и повторно да добиеме обланда , која што внатре ќе биде многу солена. Затоа што тие менаџерски тимови, независни менаџерски тимови, барем така беа наречени, кои што ги зедоа најдобрите и најубавите претпријатија во Република Македонија , сега не ги гледаме повеќе на политичката сцена, тие се некои што се големи бизнисмени, што не платиле апсолутно ништо за она што го поседуваат, но во секој случај тоа е тоа. Исто имаме ситуација во која што се кажуваше дека транспарентност, она што го говориме како транспарентност , Владата и понатаму не убедуваше дека и Договорот со Мајкл Софт е најтранспарентниот, но еве се случи антикоруптивната комисија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски истите маки да не ги поминуваме како вчера.

Зборувајте за транспарентност на законот, не правете споредби на споредби.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ќе кажам нешто во врска со законот дека и Хелшинскиот комитет е заинтересиран точно за она што значеше бркање на тие вработени од ЕСМ и заштитување на нивните права. Сега многу често се манипулира дека претходната

Влада вече тоа што направила акционерско друштво спорд вас дека Владата на Љубчо Георгиевски всушност и го продава ЕСМ. Јас многу често се повикувам на она што значи советник, на она што значи консултант. Јас би сакал да кажам што и какво размислување имаше тогашното раководство на ЕСМ во однос на она што беше презентирано како длабинска анализа, сега ја немам, а министерот кажа дека се прави, или ќе се прави, сега се, ќе, мислам дека ако е направено, требаше да го имаме и вие и ние да можеме да го прочитаме да знаеме за што се работи. Но имам нешто што е потпишано од сите структури од ЕСМ важечки и тоа на 24.09.2002 година, со Одлука на Управен одбор. Одлуката е 024796/8/3 и сигурно и министерот ја има. Во таа Одлука се кажува точка 4. Голем дел на податоци цитирам “голем број на податоци се погрешни, непотполни, несоодветни или двозначни,што може да дојде до забуна или погрешни заклучоци околу моменталната финансисак ситуација на претпријатието, како и околу идните можности и правци на финансиско движење на компанијата”.

Точка 5, и покрај тоа што консултантот навистина направил напори да изврши соодветна техничка анализа на работењето на АД ЕСМ, особено на неговите производни капацитети, едновремено се чувствуваат недостатоци во анализата особено во доменот на преносната мрежа и дистрибутивните подружници. Ова може особено да се одрази врз квалитетот на целокупната техничка анализа а постоечките капацитети во рамките на АД ЕСМ. Едновремено ова има пресудно значење во дефинирањето на точната вредност на целокупниот имот на АД ЕСМ. Следствено на тоа може да се дојде до таканаречено дефинирање на вредноста на АД ЕСМ кое би било далеку далеку под неговата вистинска пазарна вредност што пак може негативно да се одрази врз приливот на средства во Буџетот на Владата на Република Македонија при евентуална продажба на претпријатието.

Под точка 6, инсистирањето на техничките експерти на консултантот дека најголем број на објекти на АД ЕСМ се прилично застарени, но во задоволувачка состојба може да го одведе потенцијалниот купувач во погрешна насока каде наместо ревитализација на постоечките производни капацитети евентуалниот купувач повеќе внимание би посветил на увоз на електрична енергија од други електроенергетски системи на сметка на зголеменото производство во земјава што претставува императив за успешност во рамките на електроенергетиката во земјата.

Точка 7, врз основа на предложениот текст на длабинската анализа провејуваат идеите за минимално реструктуирање на претпријатието и негова припрема за продажба како една целина, како едно вертикално и интегрирано

претпријатие што според мислењето на експертите претставува крајно несоодветно, или погубно решение за иднината на електроенергетиката во Република Македонија. Значи, според мислењето на експертите од АД ЕСМ. Со принципот на продавање во пакет на сите објекти на АД ЕСМ, дури заедно со целокупната високонапонска преносна електроенергетска мрежа, електроенергетскиот пазарен оператор, а со тоа и пазарот на електрична енергија во државата целокупната електроенергетика во Македонија едноставно од државен монопол од јавен интерес би преминал во приватен монопол со приватен интерес и енормен профит најверојатно приватен, или државен странски субјект. На тој начин сметаме дека се нарушуваат и загрозуваат во голема мерка националните интереси на нашата држава и тоа во еден од најважните сегменти од економијата во сегментот на базната енергетика. Имајќи го сето ова во предвид раководниот тим при АД ЕСМ заедно со своите стручни служби му предлага на Управниот одбор на АД ЕСМ да не ја прифати оваа длабинска анализа на АД ЕСМ. И ова да биде доставено до Министерството за економија.

Господа пратеници, мислам дека ви стана многу појасно, или ви стана се јасно. Но, во секој случај ЕСМ беше продадено како што кажувате. Сега вие го спасувате со тоа што ќе го приватизирате.

Би сакал да кажам уште неколку збора за членот 7 и она што значи објаснување во законот. Значи, во член 7 симптоматично е што најголемиот дел на овој закон се однесува точно на приватизацијата и покрај тоа што приватизацијата дури не се ни спомнува експлицитно во неговиот наслов. Викаме продажба на дел, или на сите акции од АД ЕСМ. Се отвора простор за итна и нетранспарентна продажба на целата компанија.

Второ, продажба на малцински пакет на акции со склучување на договор со меѓународни финансиски институции. Се отвора простор за нетранспарентен влез преку директно спогодување, бидејќи веќе сме и премногу задолжени и кај Европската и Светската банка за реконструкција и развој. Не знам кои се понатамошните идеи на Електростопанство, уште колку мисли да се задолжува уште пред да се отпочне процесот на  приватизација. Најпроблематично е што подолу во истиот член во делот на објаснувањето покрај овие институции на овој начин му се отвора простор. И под а) било кое домашно, или странско правно лице, кое е во спротивност со самиот термин: меѓународни финансиски институции. Значи, се отвора простор за директен влез и откуп на акции на привилегирани домашни

правни лица, како што кажав Фершпед, Скопска пивара, Комерцијална банка, Алкалоид и други компании кои што го приватизираа тој претходен 90% капитал.

И на крајот кажувате, може да вклучи и пренос на акции на вработените во АД ЕСМ, а транспарентноста е до таму стигната што апсолутно никој не е запознат. Ставот не е јасен, не е доречен и не е експлицитен. Може, но и не мора. Тука не е на одмет да се вклучат и други можности како акции на останатите дејности како војска и полиција, образование и здравство слично како што е во другите земји. Притоа треба да се инсистира на точно дефинирање на бројот на акциите. Еве, и на моето прашање за постоечкото и она што ќе остане во државна сопственост, значи АД МЕПСО апсолутно немаме некоја пресметковна вредност колку тоа во моментот вреди, колк од тие акции ќе бидат за вработените што ќе останат да работат во АД МЕПСО, колку за останатите вработени и колку за граѓаните на Република Македонија, ако и таа клаузула господата од Владата ја разгледувале.

По членот 8 само паушално се дефинира процесот на реструктуирање на ЕСМ, а едновремено овој процес е ставен како основна цел на овој закон. Значи, прво, приватизација, член 7, а потоа реструктуирање, член 8. Уште една фарса во овој закон кој само потврдува дека основна и единствена негова цел е да создаде било каква законска нишка за итна нетранспарентна и криминална приватизација на најголемиот економски субјект во Република Македонија. Самиот министер едноставно кажува дека во рок од 12 месеци тој е спремен сето ова да го направи, но во сите излагања никаде не видовме неговото и понатамошно тврдење за некои шест месеци.

Во однос на образложението во став 2 се доведуваме само во заблуда и конфузија. Значи, додека навистина се формираат регионални пазари, во исто време сите национални електростопанства се зајакнуваат и зафаќаат соодветни позиции во тие пазари. Она што овде се заговара е губење на идентитет во еден регионален пазар, односно потпаѓање под влијание на поголеми и посилни соседни енергетски системи. Зошто западноевропските стопанства не се приватизираат, или делат онака како што нашите енергетски стручњаци не советуваат. Напротив, тие електростопанства се најзаинтересирани да го купат нашето Електростопанство и од него да направат бледа сенка од она што навистина треба да биде ЕСМ, кое се наоѓа на раскрсница на енергетските теченија во овој дел на Европа.

Понатаму во ставот 4 велиме, отстранување на монополските односи во системот. На кој начин? Тоа е можно само со зголемена конкуренција, а она што се нуди е една нова монополска организација која наместо во државни, ќе премине во

приватни раце, наместо три дистрибуции кои ќе направат конкуренција во борбата за набавка на поквалитетна и поевтина електрична енергија се заговара само една дистрибуција која ќе се приватизира, наместо нови независни произведувачи, се бара приватизација на целиот производен дел од ЕСМ на еден купувач, наместо чување на државна сопственост на хидрокапацитетите кои освен производство на електрична енергија служат и за вртлива резерва во системот, фреквентна регулација  и слично објекти кои се целосно ревитализирани, тие се нудат на продажба за ситни пари. Бидејќи се преку 40 години стари нивната книговодствена вредност е скоро безначајна. И ова морам да го потврдам затоа што кажав минатиот пат, сметководствено и книговодствено гледано работите апсолутно не соодветствуваат на правата вредност која што во овој момент е во Електростопанство на Македонија. Значи, она што се пишува во образложението е само формално и нема никаква допирна точка со вистинската ситуација во енергетскиот систем како во Македонија, така и пошироко.

На крај, симптоматично е тоа што во завршниот дел на образложението се тврди дека за спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Тоа значи дека сите активности околу реструктуирањето и приватизацијата на ЕСМ повторно треба целосно да паднат на товар на ЕСМ и покрај тоа што ЕСМ е во државна сопственост, односно за сите овие процеси координатор, иницијатор и извршен орган е Владата на Република Македонија  и нејзиното Министерство за економија. Тоа значи дека сите средства треба и мора да бидат утврдени и обезбедени во самиот буџет пред да се пристапи кон вакви сложени и долгорочни активности. И за да не биде се на крај вака завршено, постои едно мислење по кое што, еве да помогнеме на Владата, начинот на кој што би било сето ова прифатливо и за вработените чија што иницијатива е ова и воопшто и за Владата и мислам за граѓаните на Република Македонија. Тоа е овој предлог на закон за преобразба на ЕСМ да се стопира и да се предложи нова верзија во два закони и тоа: закон за  реструктуирање на ЕСМ. И второ, закон за приватизација на ЕСМ. Во таквиот контекст реструктуирањето да се изврши во три акционерски друштва во моментот, бидејќи господинот министер кажува дека некаде до крајот на 2004 година АД Дистрибуција од сегашното АД ЕСМ дека ќе биде издвоено. Значи, тој закон би требало да го направи токму така. Значи, АД за производство во кое ќе влезат сите хидроелектрани, термоелектрани, рудници и производни друштва. Под 2, АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија. И под 3, оператор на електропреносниот систем на Македонија и АД за

пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем.
Во законот за реструктуирање на ЕСМ би имало неколку точки кои што мислам дека треба да се земат во предвид од Владата, тоа е точно дефинирање на начинот и бројот на трговски друштва, затоа што неколку пати во законот се спомнува и трговски друштва од овие друштва што сега ние ќе ги реструктуираме, значи колку би биле тие произлезени од претходните три, катастарска и материјално финансиска дефинираност на формираните трговски друштва, статусот на вработените, нивниот удел и број на акции по вработен, точно дефиниран план кој од акционерските друштва или трговските друштва формирани од нив ќе бидат предмет на приватизација и дефинирање на обврските на Владата во процесот на приватизација. А во законот на приватизација пред било што да се донесе треба да се дефинираа начините, постапките на приватизација на целини, или единки дефинирани во законот за реструктуирање, производството и производните друштва кои досега успешно работеле ќе треба добро да се размисли колку тие ќе вредат, или ќе можат да бидат продадени, дефинирање на правата и обврските помеѓу Владата и вработените, дефинирање на обврските околу висината на инвестирањето на купувачите. Значи, такви обврски можеби ќе ги има, можеби ќе ги нема, затоа што во членот 7 кажувате на друг начин утврден со закон кој што апсолутно не мора да значи дека некој ќе биде обврзан како што кажав за РЕК Битола да вложува инвестициони средства кои што ќе донесат развој на нашето електростопанство. И склучување на договор со дефинирани права и обврски на купувачот со вработените. Тоа се тие предлози и тоа е мојата скромна помош до Владата на Република Македонија. Мислам дека ќе ги има во предвид сите овие забелешки кои што беа доставени до Владата во овие мои две, три дискусии. Така што спремен сум со еден стручен тим, од Електростопанство на Македонија едноставно да помогнеме во сите проблеми кои понатаму би се јавиле за ова реструктуирање, или во однос на приватизацијата на ЕСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, година ипол дена сум во Парламентот и со задоволство ги слушав дискусиите на господинот Спиро Мавровски, затоа што сметав дека навистина човек може да научи, сметам дека е стручен и вешт. Меѓутоа

господинот Спиро Мавровски водејќи се од она "репетицио ест матер студиорум", или "повторувањето е мајка на знаењето" или онаа втората, илјада пати повторена лага, станува вистина. Ќе го замолам да ми одговори, бидејќи зборуваше за транспарентноста и тоа беше повод за мојата реплика, а бидејќи е зналец и работел како директор во делот, системот на Електростопанство, да ми одговори како е можно, има потпис на договор помеѓу Електростопанство и МАК ПОЛ извоз-увоз, има негов потпис тука, како е можно на одлука, решение за јавна набавка на половен багер во вредност од 3,5 милиони германски марки од датум 17.07.2000 година, ништо не е спорно и верувам дека тие го набавиле заради поуспешно работење се сложувам, истиот ден на 17.07.2000 година да се донесе и одлука за избор на најповолен понудувач на основа на набавка по јавната набавка број 171. Мислам мене законски тоа не ми е јасно.

За ова другото, бидејќи станува повторно збор за транспарентност, од хотел Молика стигна еден факс на име Мавровски Васко со 30% намаление за ова од 14.07. до 17.07. Оваа фактура инаку не е платена, има повеќе вакви. Би го замолил господинот Спиро, навистина искрено ве почитувам и ве ценам и сметам дека многу што можете да кажете и да помогнете во работата на овој Парламент. Во делот на дискусиите да бидете умерени и да го кажете она што навистина имате да го кажете еднаш и мислам дека ние ќе разбереме. Но, да се јавувате по 15 пати една иста работа да повторувате и зборувате за транспарентност каде што вие како раководител порано сте работеле на начин на кој што не е баш најтранспарентен, сепак е едно мало претерување.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Апсолутно не се говореше за ова што го говорев во овие три дена. Ако треба јас ќе се јавам повторно за дискусија, бидејќи немам време во една минута да му објаснам на господинот Рахиќ, бидејќи го нема господинот Макрадули.Вакви ниски удари апсолутно говорев пред малку, еве сега тој е во улога на тој што ќе плука, а плука, а не знае на што плука, затоа што зад мене имаше многу комисии и ќе работат. Господине Рахиќ јас за вас не говорев ништо и покрај тоа што пишуваат сите весници. Но, во секој случај овие документи прво, господинот Мавровски никогаш не спиел во хотел Молика како некој што држи и сега апартмани. Ова што го имате пред вас е фалсификат и тоа ќе ви го докажам. Ќе ви го докажам, а кој ви го дал вас тоа да го презентирате тука, не знам. А за ова што говорите за машината, таквата машина господинот, да не го спомнувам името, ќе ја продаваше, а сега ќе ја

купи за два пати поголем износ. И затоа господине Рахиќ немојте да влегувате во работи што не ги познавате. Јас стојам за се што сум направил до сега. Сум чист, одговарам пред секого, кажувам, имунитетот уште сега можете да го одземете, но ќе видиме секој кој, како и што работел. Тоа го сакам секогаш и ќе го сакам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, јас се извинувам, само процедурално една забелешка за речникот што го употребува господинот Мавровски, иако господин е многу тежок збор да се каже за него. Го молам, да не ги навредува пратениците од пратеничката група на СДСМ. Ако се устреми на мене, нека зборува за мене, нека не зборува против другите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ако господинот Макрадули продолжи на овој начин како координатор на пратеничката група, мислам дека едноставно повеќе нема да реплицирам. Она што го кажува се неколку напишани фрази кои што ќе ги напише некој министер, или вакви криминални полициски работи кои што некој ќе сака да ги извади и да плука. Ако некого сум навредил во ова Собрание, спремен сум да се извинам. Него не можам да му се извинам затоа што секогаш напаѓа лично, затоа што апсолутно не е во контекст на ниедна дискусија. Се јавува после два часа да каже две минути реплика и во таа реплика освен плукање, нема ништо. И тоа е моето и нема извинување, апсолутно никакво извинување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Господинот Мавровски во еден негов дел од излагањето кажа дека демагогии не треба и апсолутно се согласувам со него, само зависи од која страна доаѓаат демагогиите. Јас исто како и другите ги разгледав стенографските белешки од

седницата во јули 2002 година и апсолутно со сегашните дискусии можам да кажам дека нема конзистентност во ставовите на пратеничката група на ВМРО која во тој период го бранеше Законот за задолжување на Република Македонија спрема Европската банка за обнова и развој во кој што еден член беше да се приватизира Електростопанство во рок од 18 месеци и процент не помал од 51%. Од тука можам да ја сфатам фрустрираноста на пратеничката група на ВМРО која што тогашната Влада ги доведе во многу непријатна ситуација, а сега ситуацијата е сосема друга. Оваа Влада предлага закон за преобразба на Електростопанство во кој што во претходниот период се направени сите логични потези кои што требаше и претходно на тој закон да му претходат. Имено, овој Парламент, овој состав на Парламентот ги донесе измените и дополнувањето на Законот за енергетика во кој што е оформена Регулаторната комисија, направена е делумна либерализација на пазарот, а сега следува и реструктуирањето и приватизацијата. Меѓутоа, за да бидам и поконкретен ќе го потсетам господинот Мавровски дека тие имаат издадено и бела книга на ВМРО-ДПМНЕ во периодот на парламентарните избори 2002 година каде што опишуваат се што направиле во претходниот период. Така што во делот 12 енергетика има еден поддел 4 на кој што пишува, на крај да ги напоменеме и поголемите активности во доменот на преструктуирањето, реорганизацијата и приватизацијата на ЕСМ. Ќе го прочитам само крајниот пасос кој се однесува на цените кои што сега алудираат дека доколку се приватизира би биле повисоки. А тој гласи: припремата на тендерската документација и евалуација на понудите и изборот на консултатот за приватизација на ЕСМ за што посигурно, трајно и перманентно снабдување со електрична енергија на сите потрошувачи во земјата по најниски можни цени. Тогаш имале едно мислење и еден став околу цените, сега прикажуваат сосема дијаметрално спротивен став. Очигледно опозиционата борба наметнува некој друг тип на аргументи кои што од етички аспект не се баш најпогодни.

Во однос на транспарентноста, само да го потсетам господинот Мавровски, претходниот Парламент како донесе Закон за приватизација на ОКТА. Оваа приватизација која што се заговара и кој што процес почнува во овој момент е многу потранспарентен.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Очигледно дека господинот Тромбев само прател одреден дел од дискусијата. Јас кажав што значи регулаторната комисија и што во моментот

функционира. Про форма можете да имате се и реструктуирање и регулаторна комисија, и не знам уште колку работи. Кажувате Белата книга и добро е да ја читате Белата книга на ВМРО-ДПМНЕ затоа што многу работи од неа се реализирани. Ако почнеме да читаме со 200 илјади вработувања, со 200 милиони инвестиции, со она што кажувате за ОКТА. ОКТА имаше 200 милиони загуби кога беше продадена и работеше со 11% од капацитетот. Господине Тромбев, толку можете, толку работевте, толку и ќе работите. Затоа немојте да се повикувате на нешто што апсолутно не сте исполниле ниедно ветување од она што сте го дале на македонскиот народ и да ни држите тука предавања сега дека било вака, требало регулаторна комисија. Регулаторната комисија  ако е ова што вие ја предвидовте, тогаш јас се извинувам

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Исмет Рамадани имате збор.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Влада,

Овие денови, често пати се двоумев дали да интервенирам процедурално. Меѓутоа не добивав смелост од самиот факт што некој ќе рече, еве пак ми се одзема правото за говор. Затоа , преку оваа моја дискусија, истовремено имам и порака, можеби некогаш неправично си давам себеси смелост да речам, понекогаш не е добро да преземеме и партиски задачи за да се стави под прашање авторитетот и достоинството , како пратеник. Ова го велам со најдобра намера за некои колеги кои овие денови, навистина, ја злоупотребуваа говорницата, со нивните јавувања, неразмислвуајки многу за тоа дека сме во тек на реформи, сме во објективот на пораките кои ни доаѓаат, што повеќе да правиме структурни реформи, реформи кои не приближуваат до ЕУ, а по апликацијата сигурно ќе треба да се смени нешто и во самите нас како пратеници.

Исто така излегов на говорница да кажам едно табу. Често пати се вели дека пратениците албанци многу малку говорат за прашања кои ја третираат економијата, прашања кои се во однос на секојдневнието. Меѓутоа треба да се прекрши едно табу и треба да учествуваат на активен начин и во овие теми,малку повеќе затоа што ќе ни се повторат зборувањата кои ги слушнавме овие денови, заборавајќи ги пратениците од ПДП, ДПА, ДУИ,  туку и другите мали партии, ЛДП, ЛП, само велејќи дека ОКТА ја продаде ВМРО-ДПМНЕ, Телеком го продаде ВМРО-ДПМНЕ, ЕСМ го

продава СДСМ и тогаш, во полусмеја ќе кажам, затоа овие биле големи партии, затоа што продале големи капацитети. Овде можеби има малку иронија, меѓутоа, само сакав да ве потсетам, да ги потсетам неколку колеги пратеници, и покрај тоа што продажбата, преобразбата, реформите ги прави Владата и се подразбира во согласности со закони кои се донесуваат овде во Парламентот. Овде и нашата одговорност како Парламент.

Законот за кој што говориме, за преобразба на ЕСМ, како друштво, меѓутоа, како АД, сега во две друштва. Вистина е дека преобразбата и реструктуирањето понекогаш ако од терминолошки аспект вака се даваат објаснувањата, можеби само сличат една на друга, меѓутоа насловот на овој закон воопшто не е значаен, значајно е како ќе се направат работите и на какви принципи се повикуваме. Јас сакам да им верувам и не сакам да прејудицирам однапред, туку сакам да му верувам на тоа на што се повикува предлагачот. Ако предлагачот се повикува на почитување на принципите, начелата кои доаѓаат од директивите на Европската комисија за модерна преобразба, тогаш се е во ред. Ако се повикува на ефикасноста, на ефективноста, на конкретни критериуми на пазарот и конкуренција на пазарот, ако се повикува на сигурно обезбедување со електрична енергија, имајки го предвид секогаш консументот, обичниот граѓанин. Ако се повикува на стабилно функционирање на електроенергетскиот систем, ако се повикув ана транспарентност и недискриминирање, усогласување на легислативата со ЕУ во тоа што е компатибилност, тогаш ние и немаме многу аргументи да кажеме дека не треба да ги прифатиме овие повикувања, подржување на предалгачот, затоа што ова се стандарди за кои сме се определиле самите, на консензуален начин.

Од многу дискусии што ги слушнав, јас сум многу реален и сакам да прифатам дека кога почна дискусијата во врска со овој закон, не знаев баш добро за капацитетот на ЕСМ. И од сето тоа што го слушнав и научив, меѓутоа научив од тие колеги пратеници кои навистина во оваа област дадоа свој придонес. Тука би го издвоил, не сакам лошо да ме разберат, напротив јас ќе бидам многу искрен. На пример ќе ја издвојам дискусијата на госпоѓа Весна Борозан. Од сите тие објаснувања ставаки ги во фокус и преобразбата и реструктуирањето и граѓанинот и државата што добива од сето ова, што значи реформа, што значи преобразба и приватизација и потоа продажба во пакет, дел по дел ЕСМ. Мене ми се чини нема што многу да се дискутира, само се подразбира, ако се верува на сето тоа што треба да се направи на професионален начин и на одговорен начин за работите кои треба да следат откако ќе се усвои овој закон.

Исто така ми остави впечаток и тоа што уште од сега на Владата и се порачува, меѓутоа и тие кои ќе се занимаваат со дел по дел продажба на пакетите на ЕСМ, да внимаваат за цената на електричната енергија, иако се подразбира дека грижата ќе ја има пазарот, или тие што ќе купуваат и акции и делови од ЕСМ. Меѓутоа, сепак конкурентноста секогаш дава подобри цени, во оваа прилика и за електроенергијата.

Исто така ми остави впечаток и социјалниот пакет што уште од сега се порачува , на некој начин на Владата, тие граѓани кои навистина припаѓаат на тој дел кој добива социјална помош, или се во незавидна социјална и економска состојба, да има олеснување понатаму, со тоа што значи плаќање на електрична енергија која ја трошат. Ќе беше добро, според мене, работите што ќе следат бидејкијас не се сомневам вопрофесионалноста , во консалтингот кој треба да се направи, јас не се сомневам ни во самата Регулаторна комисија која ќе се занимава со оваа задача, дека ќе ја следи раотата на оваа преобразба на ЕСМ. Дури би предложил, незнам дали некој друг од моите колеги предложил, во текот на шест месеци , или секои шест месеци ќе биде добро со текот на работите во преобразбата и во продажбата понатамошна на делови на ЕСМ, да се информираме само за да се исполни, покрај другото, еден услов кој е наречен како транспарентност.

Што се однесува до сомнежите, што ќе се случи со продажбата, преку тендери и т.н., ние сега имаме оформување на мониторинг и на прашањата кога се сомневаме дека може да има злоупотреба и малверзации, бидејки имаме Антикорупциска комисија, имаме други институции за кои ние се надеваме дека од истражувањата ќе овозможат на дисциплиниран начин да оди сето тоа што значи отварање тендери, продажба на деловите на ЕСМ.

Исто така би сугерирал , во сите овие процеси кои следат понатаму, да се учествува на некој начин, во што не би се сомневало, јас признавам и ќе бидам искрен на крајот дека честопати ни се вели, посебно на нас пратениците, условно речено на албанските партии дека многу малку или воопшто не учествуваме директно во сите тие преобразби, приватизации и продажба на капацитети и понекогаш со право, можеби ни се отргнува внимание дека повеќе време, повеќе потенцијал и интелект и други активности трошиме на прашања кои се во однос на позицијата, или националната наша факторизација. Во тој правец многу малку сме вклучени. Затоа еве ја приликата, еве ја шансата и можноста, во тој правец да се направи некоја исправка , нашето учество да биде поактивно, меѓутоа, се разбира ако и ние

самите се наметнеме како учесници во парламентот, како и тие што се во Владата, или конкретно во ЕСМ, меѓутоа да бидат луѓе кои ќе се консултираат и активно ќе учествуваат во се ова. Најголемиот мотив за мене е дека ова треба да се случи, треба да се донесе законот и ние задолжително треба да бидеме дел на тој систем на Европа, не само Југоисточна Европа, бидјеки, изгледа во овој електроенергетски систем во кој треба да бидеме ние, во кој има економски, комерционални интереси, се и другите три држави од ЕУ Австрија, Италија и Грција. Овој наш систем задолжително го бара времето за да биде компатибилен, или истовремено да биде успешен, како и системот на Пиринеите или на Балтичките држави, или на Нордиските земји, затоа што на крајто на краиштата се тоа што значи промет на стоки , на идеи, промет во економски аспект, тука ја имам и електроенергетиката, дури тоа треба да биде и многу понагласено прашање и оваа задача треба да ја завршиме сите заедно. Да го направиме тоа  затоа што, покрај другото, времето не ни ветува многу, ние да прекинеме некои процеси или да забавиме некои процеси, само за да кажеме нешто повеќе, затоа што работите и покрај тоа треба да одат малку побрзо.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието го предлагам следниот заклучок.

Пред тоа ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејки во моментот немаме кворум, објавувам пауза до 14,00 часот.

Ги поканувам сите пратеници пред  Трговскиот центар да потпишат петиција “дон фајрот ми”, петиција која треба да ја испратиме до Советот на Европа.

Продолжуваме во 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,10 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата. Секако и министерот.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник. Значи имаме услови за гласање.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за преобразба на ЕСМ АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 60 пратеници, 60 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Присутни се 61 пратеник.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 60 пратеници, 60 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Пратеникот Спиро Мавровски поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот на член 1 за бришење на член 2, за бришење на член 7 и на член 8 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман на член 7 став 1, за менување на алинеја 1 по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 5 во воведната реченица и под а) и под б) по кој Владата не се произнела.

Пратениците Весна Борозан, Јани Макрадули, Благородна Мингова-Крепиева, Цветанка Иванова, Томе Тромбев, Владо Илиевски, Зоран Заев, Драган Георгиев, Есад Рахиќ и Славе Арсовски поднесоа амандмани на член 7 за менување на став 3. Владата го прифати амандманот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

СТЕФЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас се обидов во овие неколку обраќања на господинот министер некои работи да му се кажат. Покрај сите работи што се кажани, едноставно се нема слух и се сака на сила да се направи нешто за што мислам дека одговорноста ќе биде нивна, но она што ќе следи од нивната одговорност, ќе следи само врз народот на Република Македонија и нивната неодговорност ќе ја платат токму граѓаните.

Со овој амандман е предвидено она што кажувавме цело време за законот, зборот "преобразба" да се замени со зборот "реструктуирање" и со тоа да се заврши првиот дел, а ова што останува понатаму приватизацијата на еден многу потранспарентен начин во кој што ќе се вклучат апсолутно сите компетентни фактори во Република Македонија да можеме да завршиме како што треба. Но со ваква транспарентност и не очекував дека министерот ќе дозволи да го прифати овој амандман. Јас го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕФЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

СПИРО МАВРОВСКИ:

И овој амандман е во контекс на ова што го говорев, значи приватизацијата да биде одделена од она што значи реструктуирање. Значи се однесува на членот 1, каде што зборот "преобразба" треба да биде заменет со зборот "реструктуирање". Пошто министерот очигледно дека е спремен за продажба тогаш ќе го повлечам и амандманот 2.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕФЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Третиот амандман се однесува на членот 2. Членот 2 гласи под преобразба во смисла на овој закон се подразбира реструктуирање и приватизација на АД Електростопанство на Македонија, на начин и под услови утврдени со овој закон. Пошто претходните два амандмани се однесуваат токму на реструктуирањето, а не преобразбата каде што веќе се дефинира реструктуирање и приватизација, јас би оставил пратениците, пошто министерот веќе го одби, пратениците едноставно да го искажат своето мислење по овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. и ве повикувам да гласате.

Гласале 65 пратеника, 14 гласале за амандманот, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7 поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

СТЕФЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вака да ја запознаам македонската јавност уште еднаш. Членот 7 тоа е единствениот член кој што ќе ја направи приватизацијата на Електростопанство на Македонија, за која што толку гордо некој се залагаше да не биде направена, и сега приватизацијата, членот 2 си е приватизацијата на АД ЕСМ или на друштвата основани од него може да се изврши преку продажба на дел или на сите акции на АД ЕСМ или на друштвата основани од него во една или повеќе трансакции на инвеститор, и тоа од еден преку продажба на малцински пакет на акции со склучување на договор со меѓународни финансиски институции. Под два преку тендер во кој е вклучена претквалификација на начин во постапка што ги пропишува Владата на Република Македонија или на друг начин утврден со закон.

Под инвеститор во смисла на став 1 на овој член се подразбира.

Под а) било кое домашно или странско правно лице и

Под б) меѓународна финансиска институција чиј капитал е во сопственост на повеќе суверени држави, во чии основачки акции се јавува и Република Македонија како земја членка.

И последното приватизацијата на АД ЕСМ или на друштвата основани од него може да вклучи и пренос на акции на вработените во АД ЕСМ согласно Одлуката на Владата на Република Македонија.

Ценејќи се што го говорев во моите говори мислам дека токму овој член е клучниот и токму ова е подметнувањето од страна на Владата по кој што сака со членот 7 да се продаде Електростопанство, а не транспарентноста што ја заговараат господата од Владата, мислам доколку се има доблест и се повлече сето ова да се изработи на транспарентен начин, мислам дека ќе биде во ред.

Мојот амандман е во таа насока, значи овој член 7, кој што ја дефинира на ваков начин приватизацијата да биде бришан. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 65 пратеника, 10 за амандманот, нема воздржан, 55 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

СТЕФЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Овој 5-ти и последен амандман се однесува за членот 8 од овој толку квалитетно изработен закон и говори реструктуирањето на Електростопанство на Македонија и приватизацијата на АД ЕСМ или на друштвата основани од него се

врши врз основа на претходно донесена одлука, односно други акти сврзани со процесот на преобразбата од страна на Владата на Република Македонија, засновани на начелата на транспарентност, недискриминираност,објективност и согласно со пазарните услови. Ако ова е се транспарентност, недискриминиранот, објективност и согласност со пазарните услови благодарам. Моето беше да се избришат зборовите "приватизацијата на АД ЕСМ". Тоа е амандманот во кој што се интервенираше во овој член 8. Пошто господинот министер е премногу транспарентен, се надевам барем ова ќе може да го прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Вкупо гласале 65 пратеника, 9 за амандманот, нема воздржани, 56 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, за менување на алинеја 1 поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

СТЕФЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5, во воведната реченица и под а) и под б) поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија.

СТЕФЧО ЈАКИМОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот  на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 66 пратеника, 57 гласале за, нема воздржан и 9 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за преобразба на Електростопанство на Македонија - Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост.

Осумнаесетта точка - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија со Предлог на закон.**

Повелете господине Ќенан Хасипи, процедурално.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван господин претседателе,

Јас би ве замолил вие како претседател на Собранието на Република Македонија согласно член 74 од Деловникот за работа на Собранието да ја одложите расправата по Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија поради следните причини:

Прво, на ден 24.02.2004 година до претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците господинот Ејуп Рустеми, јас во име на Демократската партија на Турците на Македонија господинот Рафет Муминовиќ, во име на Демократската лига на Бошњаците на Македонија и господинот Неждет Мустафа, во име на Обединетата партија за еманципација, доставивме писмено барање за свикување седница на Комитетот за односи меѓу заедниците на која ќе се разгледаат одредени решенија во Предлог-законот за лична карта и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија со Предлог на закон од причини што решението за употребата на јазикот и писмото на заедниците што е содржано во Предлог-законот, за изменување и дополонување на Законот за патните исправи не е компатибилно со решението за употребата на јазикот и писмото на заедниците во Законот за личната карта што речиси едногласно е изгласано во Собранието на Република Македонија.

Токму од овие причини се појави потреба од одржување на седница на Комитетот за односи меѓу заедниците  кој има уставна надлежност да расправа и да изгради мислење и препораки за наведените прашања и да ги достави до Собранието на Република Македонија. Напоменувам дека писмото е заверено во

Архивата на Собранието под број 946/1 од 25.02.2004 година, и за истото сте информиран и вие како претседател на Собранието на Република Македонија, со писмо заверено во Архивата на Собранието на Република Македонија под број 946/2 од 25 февруари 2004 година.

Второ, истите прашања ги потегнува и колегата Иван Стоиљковиќ на седницата на Комисијата за европски прашања, одржана на 15.03.2004 година, при што во записникот од таа седница меѓу другото стои, цитирам: “Дилемата е основана, но дека ова е стандардот кој треба да се примени и е најбезболно решение при испишувањето на податоците на патните исправи.

Понатаму се вели, Комисијата не ја заврши расправата по оваа точка заради потреба од дополнителни консултации на членот на Комисијата со експерти од Министерството за внатрешни работи во однос на искажаната дилема, со можност Комисијата повторно да заседава по ова прашање. Према моите сознанија ниту се направени дополнителни консултации, ниту пак Комисијата за европски прашања повторно расправала по ова прашање.

Токму од овие причини господине претседателе, сметаме дека дилемите не се разрешени и е сосема оправдано расправата по оваа точка од дневниот ред да ја одложите се додека Комитетот за односи меѓу заедниците, па ако сакате и Комисијата за европски прашања при Собранието на Република Македонија не изградат мислења и препораки со кои решенијата на овие два закона ќе бидат компатибилни еден со друг. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ќенан Хасипи колку што ве разбрав вие барате смена на редоследот. Заради тоа има по Деловникот член 74, тоа има право претседателот, има право пратеник со поддршка од 10 пратеници. Ако ја имате таа поддршка од 10 пратеници, јас ќе го ставам тоа на гласање. Ќе ја ставам точката подоле за да можете. Видете прашањето сега мора да го дефинираме во рамките на деловникот. Во рамките на деловникот точката неможе да се тргне од дневен ред. Во рамките на деловникот точката може да се помести подоле, последна, али затоа ви треба поддршка од 10 пратеници тоа да го направиме. Значи има 10 пратеника. Тогаш ќе ја ставиме последна точка.

Ве молам го ставам на гласање предлогот на господинот Ќенан Хасипи да точката 18, биде послдена точка 40 од предложениот дневен ред.

Ве молам да гласате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале 59 пратеника, 49 гласале за, 1 против, 5 воздржани.

Нека се утврди бројот на присутните ве молам.

Во салата се присутни 66 пратеника, тоа значи дека гласањето е полноважно.

Повелете процедурално.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам претседателе.

Јас гласав за овој предлог, само ми остана нејасно, мислам дека предлогот беше да се тргне од дневниот ред оваа точка. Бидејќи е ставена како последна точка, може да дојдеме во таква ситуација, денеска да го исцрпиме дневниот ред, па како последна точна да дојде на дневен ред да дискутираме за ова. Идејата, колку што јас сфатив беше, Комитетот кога заседава и да се анализираат сите ситуации во врска со оваа точка, после тоа да се стави на дневен ред оваа точка. Со ставање како последна точка, може да се дојде до ситуација и теоретски и практично денеска на крајот на седницата или утре, пак да зборуваме за оваа точка, иако во меѓувреме не се состанала Комисијата. Мислам дека ваквиот расплет и начин не е добар. По мене би требало точката да се тргне од дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Аднан Ќахил, знаете вие како се утврдува дневниот ред и кога се симнува точката од дневниот ред. Нема деловнички можности во тек, кога е утврден дневниот ред да се симне. Јас се надевам дека Комитетот за заедници ќе се состане и ќе го разгледа ова прашање со свое мислење. Не може да се симне.

Поминуваме на 19-та точка - ***Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас, со Предлог на закон.***

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Благодрам господине претседателе, колеги и колешки пратеници,

Јас се јавувам како известител на Комисијата за европски прашања и со оглед што настана тука мало недоразбирање, ќе нагласам дека ние на Комисијата за европски прашања имаме договор максимално да го користиме деловничкиот инструмент на известител на Комисијата за европски прашања заради тоа што кога доаѓаат точки на дневен ред кои што значат усогласување на законодавство, или друг европски аспект и приближување кон стандардите на Европската унија тоа да го нагласуваме и нормално што можеби би требало да ви биде драго ќе допринесе и кон зголемена рационалност и ефикасност во работата на Собранието на Република Македонија по примерот на другите парламенти во Европа и самиот Европски парламент. Оттука, во однос на Комисијата за европски прашања многу често ќе го слушате ова повикување на известителската улога.

На Комисијата за европски прашања по оваа точка, односно по овој предлог за донесување на закон за изменување на Законот за преминување на државната граница, за движење во граничниот појас, со Предлог на закон беше дискутирано, беа презентирани европските аспекти, односно усогласувањето на нашето законодавство со законодавството на Европската унија токму по оваа материја. Претставниците на Министерството за внатрешни работи го направија тоа на подетален начин иако во нашите сугестии секако беше вметнато и тоа да луѓето во Секторот за евроинтеграција што се во Министерството да бидат повикувани кога на Комисијата за европски прашања ќе биде ова изложувано, ако имаат пратениците конкретно прашање да можат и подетално да ги прашаат токму експертите кои што работат на елементот усогласување. Во секој случај е за поздравување што промените во овој закон значат и практично примена на обврските од членот 75 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација што ќе значи поголема контрола и на државните граници, меѓутоа и во однос на подобрување на позициите на Република Македонија во однос на визниот режим. Она што би сакала да го укажам до министерот за внатрешни работи, а што ние и како препорака или мислење ќе го пратиме како Комисија до Владата на Република Македонија е нешто што го забележавме во самиот процес иако можеби непостои деловничка обврска на релацијата Влада како предлагач на закон и Собрание на Република Македонија, за во образложението на законите подетално да стои образложување на европската перспектива. Сепак, Министерството треба да направи поголеми напори кога веќе содржи формулација од типот, со цел овде како што стои во вашето образложение

на законот, со цел усогласување на македонското со европското законодавство како и приближување и усогласување на работната пракса со европските директиви, препораки, стандарди, договори и конвенции, на шенген системот, односно постигнување компатибилност меѓу македонските закони и европската легислатива, тоа да биде подетално образложено, дури и да бидат конкретно наведени за кои директиви станува збор, кои регулативи, она што како обврска го имате на ниво на Владата дотолку повеќе што пратениците кога би сакале за некои од овие директиви подетално и да се запознаат да го имаат точно правниот извор кој што се наведува. Секако ова прашање ќе треба ние деловнички поконкретно да го регулираме, но како некој вид на препорака ќе дојде до Владата од Комисијата. Дури и она што е интересно во рамките на вашето Министерство бидејќи овде на дневен ред имаме повеќе закони каде што вие сте практично изготвувачи на законот. Во делот на европската перспектива во образложенијата има различен пристап. Во некои закони ова за што зборував е подетално изложено, значи она како што бараме во некои закони е кажано поопшто. Значи, препораката е да се има поунифициран пристап во образложенијата на европската перспектива, односно усогласување на законодавството со европското законодавство. И нормално препораката ќе се однесува и во однос на сите министерства, бидејќи и тоа го забележавме, гледавме од различни области на усогласување на законодавството и секое министсерство си има различен пристап во делот на Собранието. Ние знаеме дека на Владата тоа е веќе регулирано. Меѓутоа, до конечно регулирање би требало овој аспект да биде прашање на некој вид добра волја, или поттикнување и токму тоа и Комисијата преку мене како известител го прави и по оваа точка. Меѓутоа, тоа се однесува и во однос на другите предлог закони.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Ристова.

Има збор Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас нема многу да зборувам, бидејќи колешката Каролина ги кажа некои работи, така да само би напоменал дека со овој закон ќе обезбедиме постепено

превземање на обезбедувањето на државната граница остана на Министерството за внатрешни работи и тоа кон Република Грција од 1 мај 2004 година, кон Република Бугарија од 1 ноември 2004 година, кон Република Србија и Црна Гора 1 мај 2005 година, кон Република Албанија од 1 ноември 2005 година, што значи целосно превземање ќе се изврши до крајот на 2005 година. За превземање на оваа обврска веќе е обука на лицата кои ќе вршат обезбедување на границата кон Република Грција и се надевам дека на 1 мај успешно ќе ја превземат оваа обврска.

Уште една работа за која би напоменал. Да не должам многу, за извршување на предложениот закон е неопходно и донесување на Правилникот за движење, престој, населување и режимот на ловот и риболовот во граничниот појас, кој треба да го донесе министерот за внатрешни работи. Се надевам дека тој Правилник ќе биде донесен веднаш, бидејќи во законот не е определен рокот во кој рок ќе го донесе. Од основната определба за влез на Република Македонија во Европската унија и определбата за усогласување на македонското со европското законодавство во обласата на граничната безбедност, јас го поддржувам овој закон и ќе гласам за донесувањето на овој закон.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Благодарам што покажаа загриженост и дојдоа пратениците.

62 пратеника се тука присутни и заклучокот кој гласи: Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас го ставам на гласање и ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 64 пратеника, 60 гласале и 60 гласале за. Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 59 пратеника, 59 за, нема воздржан, нема против. Во салата се присутни 65, бидејќи дојде уште еден пратеник во меѓувреме.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 15 став 1 и за додавање на нов став 3 по ставот 2, член 16 став 1 и 2 и на член 17 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 и за додавање на нов став 3 по ставот 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот се прифаќа претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 и 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И овој амандман е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас.

Процедурално господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе,

Го сакам она што според Деловникот може да го направам, а тоа е да предложам точката 23 да ја поминеме сега, Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, бидејќи е тука министерот и за поефикасна работа предлагам и барам поддршка од 10 пратеници да можеме да се определиме за да работиме по точката 23. Потоа би продолжиле нормално по дневниот ред како што е предложено.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате поддршка од 10 пратеника?

Предлогот точката Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон, тоа е точка 23, да се рзгледува сега како следна точка го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Гласале 56 пратеници, 56 за, нема воздржан, нема против.

Ве молам да се утврди бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласање беа присутни 64 пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

**Преминуваме на 23 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи - со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 48 пратеници, 48 гласале за.

Молам да се утврди точниот број пратеници во салата.

Во салата имаме присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за.

Во салата се присутни 60 пратеници.

Според тоа го поништувам гласањето.

Молам да се обезбеди кворум.

Во моментот во салата се присутни 61 пратеник.

Да го повториме гласањето.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 59 пратеници, 59 за, воздржани и против нема.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 4 во новиот член 11 став 3 и на член 5.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот член 11 став 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, ние како пратеничка група очекувавме дека министерот за внатрешни работи ќе даде барем едно уводно излагање за да можеме да се вклучиме во расправа.

Второ, точките ни ги испретумбавте, ние дури не бевме подготвени за тоа да расправаме сега. Пред мене стоеше законот за административни такси. Навистина мене не ми е јасно зошто министерот не зеде збор.

Јас би предложил, од име на пратеничката група, да ни дадете 15 минути пауза за да можеме да се подготвиме за расправа по текстот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво, деловнички околу преместување на точките на дневен ред, тоа е во ред. Тука не прифаќам никаква забелешка.

Давам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот).

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван министре, почитувани пратеници,

Дозволете ми, иако од министерот не слушнавме образложение поради што Владата го предлага овој закон, дозволете ми да му ја преземам позицијата, бидејќи сметам дека сепак јавноста треба да знае што денес ние гласаме. Во секој случај јавноста треба да знае, меѓу друго и пратениците, дека сепак во Република Македонија, со измена на овој закон, се воведува нешто ново. Значи главната суштина и причините поради кои овој закон се донесува е тоа што обезбедувањето на државните граници, после усвојувањето на овој закон, преминува во надлежност на Министерството за внатрешни работи, поточно на полицијата, од страна на Армијата на Република Македонија.

Тука во причините на кои предлагачот се повикал, зошто тоа треба да се направи, се наведува тоа што Република Македонија треба да го приспособи своето законодавство со законодавството на европските држави. Според тоа за обезбедување на граничната линија, границата на Република Македонија, со трансформацијата, поточно со новата улога што Министерството за внатрешни работи треба да ја добие. Значи заштита на границите ќе премине во ингиренции на Министерството за внатрешни работи.

Инаку целиот закон што ни се предлага е се на се 9 члена од кои повеќето од нив се измени на одредени реченици, освен тоа што во член 4 се додава член 11 -а што повеќе кажува, каде се вели - работите на заштита на државната граница, контролата на преминувањето преку државната граница, утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државната граница и други работи утврдени со закон, ги врши граничната полиција.

Инаку во текстот на законот преовладува секаде зборовите "гранична полиција". Значи тој термин го користи предлагачот, а во образложението ни се упатува на компаративните искуства што во поголем број земји во Европа веќе ги има. Така тука се спомнува, споредба со законот за внатрешни работи на Република Бугарија каде пограничната полиција како национална служба на Министерството за внатрешни работи е специјализирана безбедноста, оперативно и следечка полициска служба за обезбедување на државната граница и контрола. Значи еден посеопфатен поим, дефинирање на она што е гранична полиција. Понатаму се кажува за законот на полицијата на Република Словенија каде утврдува дека една од работите на полицијата е обезбедување на државната граница и вршењето на граничната контрола, а ваква одредба содржи и законот за полицијата на Република Хрватска. Меѓутоа, ние во нашиот текст на законот користиме поим само гранична полиција. Според предлагачот тоа е доволно јасно. Заради тоа чувствувавме потреба дека сепак носењето на овој закон кој во јавноста се очекуваше подолго време, бидејќи носењето на законот беше најавен веќе подолго време, дури Армијата на Република Македонија поточно Министерството за одбрана излезе и со еден оглас на прием на одредени нови структури во Армијата на Република Македонија што евентуално, откако ќе бидат примени ќе бидат обучувани со преземање во овој нов состав на гранична полиција, да ја преземат улогата на гранични полицајци. Мислам дека јавноста подолго време го очекуваше и сега кога ни дојде на дневен ред, најмалку што очекувавме, требаше министерот да даде уводно излагање.

Во членот 8 се спомнува дека Министерството за внатрешни работи ќе ги преземе припадниците на Армијата на Република Македонија кои ги исполнуваат условите за работа во граничната полиција. Останува нејасно кои се тие услови за работа во граничната полиција, затоа што во претходните членови не видовме некои посебни услови за работа, поточно за вработување или некакви посебни услови во кои би влегувале оние гранични полицајци, така да ги наречам. Значи треба да се дефинира. Барем јас не сум ги видел овде, можеби ги има на некое друго место. Заради тоа мислам дека министерот ќе почувствува потреба ако ништо друго барем ова да го дообјасни. Значи кои се тие последни услови кои што треба да ги исполнуваат. Членовите на Армијата на Република Македонија и она што е можеби најбитно во овој момент и што неминовно се поставува прашање кои граници ако го земеме предвид и претходниот закон кој што овде го усвоивме, поточно како таа контрола на границите ќе се превзема. Ако видиме дека во претходниот закон каде

што се зборуваше за обезбедување на државната граница и во тоа образложение на тој закон се кажува дека границата од страна на Министерството за внатрешни работи обезбедувањето ќе се врши постепено, со тоа што обезбедувањето на државната граница кон Република Грција ќе започне од 01.05.2004 година, кон Бугарија од 01.11.2004 година, Србија и Црна Гора 01.05.2005 година, значи по една цела година и Република Албанија од 01.11.2005 година. Во законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи немаме такво образложение, туку во член 9 се вели дека овој закон влегува во сила осмиот ден од неговото донесување, што значи дека со донесувањето на овој закон фактички ние имаме трансформација, бидејќи имаме нов состав во рамките на полицијата.

Меѓутоа прашањето се наметнува дали со донесувањето, поточно стапувањето на овој закон во сила веднаш ќе се пристапи кон обезбедувањето на државните граници, или пак ќе се почитува она што претходно се кажало во претходниот закон и многу е битно како ќе се обезбедува и колку успешно ќе се обезбедува границата на Република Македонија кон нашиот северен сосед, особено во делот на Косово. Имајќи го предвид досегашното искуство, не треба да повторувам, не треба да истакнувам, на сите ни е јасно границата ја обезбедуваше и Армијата на Република Македонија во одредени делови и полицијата, па дури и КВОР и нас ни се повторуваше тоа што ни се повторуваше во многу наврати, дали со една ваква замена веќе една служба, тоа е Армијата на Република Македонија, која што веќе има некое искуство, барем во тој дел, можеме да се најдеме во состојба тој дел нанашата граница да се најде под обрсервација, односно да се најде како можност за прелевање на одредени криминални структури од страна на нашиот северен сосед, или протекторатот Косово. Мислам тоа не е така занемарлива работа, затоа што не можеме да бегаме и да се правиме глуви од она што таму се случува и каде што може да се случува. Значи, пред се, со оглед на образложението на овој закон се потенцира дека по донесувањето на овој закон, јас така го сфаќам, дека ќе има многу подзаконски акти, со кои што МВР ќе ја регулира оваа материја. Значи јас би сакал објаснување примената на овој закон во делот на обезбедувањето на граничната полиција на границата на Република Македонија од страна на граничната полиција, особено во делот кон Косово дали ќе се оствари и почне со донесувањето на овој закон значи осмиот ден откако ќе стапи на сила, ќе има некои специјални подготовки, ќе има некоја обука и може ли точно да се прецизира да речеме денот кога границата, поготово на делот на Косово ќе може да

се обезбедува од страна на граничната полиција. Да не заборавиме, дека таму имаме проблем, дека таа граница сеуште не е одбележана, дека тука Владата многу заостанува и дека тоа може да биде и правен и материјален и секаков проблем, кога не знаеме да речеме, до каде е точно маркирана границата, да ставаме сега наместо Армија, полицајци кои треба да ја обезбедуваат границата. Значи некои работи требало претходно да се сработат, но факт е дека не се сработиле, вината нема да ја бараме во никого, се знае кој може да биде одговорен, сигурно не опозицијата. Према тоа, овие се прашања кои што навистина чувствувавме потреба да бидат одговорени. Овие се прашања кои што министерот требаше барем во воведото излагање да не насочи, односно да даде еден свој осврт за ние да можевме да се вклучиме во расправа, но се надевам после едни вакви наши, можеби не се големи забелешки, но сепак се некакви забелешки, се надевам дека министерот ќе го искористи своето право да отвори расправа, да подискутира малку и на оваа тема. Толку од мене сега за сега.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, нема воздржан 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Се враќаме на точката 20. - **Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон**.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 59 пратеника, 59 гласале за, нема воздржан нема против.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 65 пратеника. 58 гласале 58 гласале за, нема воздржан нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1, член 2 став 1, и на член 2 во тарифниот број 107 став 2 и 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 62 пратеника, 51 за, нема воздржани 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Преминуваме на точката 21 точка. - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Збор има г-динот Ангел Димитров.

Повелете.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам г-дине претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници.

Јас се сложувам со определбата на предлагачот, дека е потребно постојано да се следи извршувањето на законите кои ги регулираат даноците и нивната

примена, со цел да се елиминираат можните даночни измани, сепак во врска со предложениот закон за измени и дополнувања на Законот за додадена вредност, сакам да истакнам и едно мое гледиште, за потребата од менувањето на законските одредби, и да го искажам мојот став, за контролата во спроведувањето на законите, а особено од обласата на финансиите и даноците. Веднаш на почетокот, сакам да констатирам, дека случајот со ОКТА и останатите фирми кои учествувале во даночните измами, не е резултат на пропустите во Законот за данокот на додадена вредност, или слабости во неговото спроведување. Туку се работи за чист криминал. Со однапред испланирани потези и јасна цел. Да се остварат огромни финансиски користи на штета на државата.

Прашањето дали ова можело да се случи без помош на управата за јавни приходи и на некои судии, е работа на истражните органи и на јавното обвинителство. Но јсно е дека не станува збор занекое креативно искористување на слабостите на законот.

Предизвикувањетона стечај или ликвидација на сопственото трговско друштво, со цел да се избегне плаќањето на обврските спрема доверителите и законските обврски по основ на ДДВ е кривично дело за кое треба да се одговара, а околноста дека се работи за однапред испланирана измама и за огромни финансиски средства, само можат да влијаат на висината на казната.

Почитувани пратеници, идејата на работодавецот со дополнувањето на законот за ДДВ со нов член 9-а во кој ќе остави можност неколку правни лица кои се регистрирале како даночни обврзници, ако имаат сопственчка, организациска и управувачка поврзаност по нивно самостојно барање, или по барање на надлежниот даночен орган, во случај кога тој ќе утврди дека постои нарушување на даночните принципи, или можност за нивно нарушување ми личи на онаа поговорката: “кога ќе се изгориш од пресното, ќе дуваш и на киселото млеко”. Добро е однапред да се спречат даночните измами. Преку вакви поврзани даночни обврзници, исто така ова може да предизвика проблеми околу даночните обврзници, кои немаат некоја поголема сопственичка поврзаност. Тоа е значително учество на едното друштво во капиталот и управувањето со другото друштво. А од страна на управата за јавни приходи им биде наложено да се ргистрираат како еден даночен обврзник. Ова затоа што ваквото даночно поврзување ќе создаде одредени финансиски обврски и побарувања помеѓу овие субјекти кај кои во случај на недоволна капитална и управувачка поврзаност, т.е. влијание на едното друштво над другото, може едното од нив да го стави во понеповолна положба од другото. Или во најмала рака, да ги

наруши добрите деловни односи помеѓу нив, па ќе бидат приморени да бараат нови деловни партнери. Затоа предложив амандман, со кој министерот за финансии ќе се обврзе да донесе поблиски прописи, т.е. да го измени правилникот за спроведување на законот за ДДВ, во кој ќе го пропише начинот на спроведување на предложените измени на законот кој денеска го гледаме и ќе утврди критериуми врз база на кои ќе може да се утврди постоење на сопственичка, организациска и управувачка поврзаност. Ова особено, затоа што постоењето на сопственичка и управувачка поврзаност може полесно и поаргументирано да се докаже. Но поимот организациска поврзаност е многу широк и бара негово допрецизирање и дообјаснување за да не дојде до негова погрешна примена.

На крајот да заклучам, јас ќе гласам за предложените измени, но истовремено барам нивна попрецизна примена и дообјаснување со поблиски прописи, тоа е правилникот за спроведување на Законот за евентуално, да не дојде до некои несакани последици.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Жарко Караџоски, а потоа нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Би сакал да кажам само неколку реченици. Прво да не се залажуваме дека се почнало од ОКТА и се завршува со ОКТА, зборувам за даночните измени како причина за помалку наплата на данок. Ако се почнало тогаш и завршило тогаш немаше да имаме сигурно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски вие не реплицирате. Окта беше спомната од г-динот Вангел. Не ОКТА, туку беше ОРКА.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас слушнав ОКТА.

ЉУПчО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако имате реплика кажете, инаку зборувајте за законот ве молам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас дискутирам претседателе. Сакам да кажам дека основната цел на овој закон не е што било некогаш, туку што е сега. И основната цел на овој закон е да се спречат таквите даночни измами, со цел да имаме поефикасна и подобра наплата

на ДДВ. Не случајно, Владата го предлага овој закон и тоа по скратена постапка, што значи дека од сето тоа има потреба и е момент дека е потребно сега да се направи, на крајот на годината да не ни се случи предвидената стапка од приливот на приходот во Буџетот на Република Македонија, да не оди во нешто што не било планирано. Заради тоа мора да се направи ваква измена на Законот, за да може да дојдеме до поефикасна и поцелосна наплата на ДДВ. Ние тоа на матичната комисија го дискутиравме и морам да признаам дека имавме доста конструктивна дискусија, каде што беше присутен и заменик министерот, кој што добро го образложи законот и имаше конструктивна дискусија и сигурен сум дека Комисијата го поддрча во целост.

Јас исто така ќе кажам дека и сега ќе гласам за, и мислам дека и целата пратеничка група и суштината на овој закон е најмногу во еден член, тоа е членот 9-а која што се додава, каде што во принципот на еден даночен обврзник за целите на ДДВ се прави една измена на начин на која што се елиминираат оние можности кои до вчера можеа да се прават, повеќе даночни обврзници, па многу потешка можност за наплата и многу поголема можност за елиминирање, односно наоѓање разни изговори, или правни процедури за да се избегне плаќање на данок. Токму тука е суштината. Затоа да не се занимаваме со што било како било туку што треба да биде и што треба да се прави. Значи, ако не постоела причина и ако се завршило некогаш, денеска немаше да го имаме овој закон. Токму тука е потребата од носењето на законот и јас сметам дека е апсолутно, потребен и исправен и јас ќе го поддржам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трајановкси.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да кажам дека донесувањето на овој закон не е проблем и мислам повторно ќе повторам дека ние ќе го поддржиме донесувањето на овој закон, меѓутоа, сакам да напоменам дека овој закон исто така, требаше да бидат ставени членови, т.е. одредби со кои што ДДВ од 18% ќе се смали на 5% на одреден број на производи, бидејќи така беше и ветено на 15 септември. Ние имавме закон со кој што на минатата седница баравме тоа да се направи и со тоа сметаме дека ќе и помогнеме на позицијата. Меѓутоа, ништо од тој закон не се усвои. Исто така, сметам дека со овие измени практично и не се помага во смисла многу на она што значи недоволното собирање на данокот иако од ММФ имавме една забелешка дека повеќето од 25 милиони долари имаме помалку собрано даноци меѓу кои и ДДВ.

Значи иако го покачивме за 5% на голем број на производи, кои што се од суштинско значење за животот на граѓаните во Република Македонија и за функционирањето на фирмите, меѓу кои и на земјоделието во Република Македонија, сепак не се успеа да се постигне она проектираното ниво, или износ на средства, кое што ќе треба да се соберат од ДДВ. Со овие извори се обидуваме тоа да го направиме, меѓутоа сметам дека се недоволни.

Затоа Владата треба да предложи еден поиздржан и посеопфатен закон со кој што навистина ќе знаеме дека во сверата, во оваа свера на даноците навистина ќе им помогнеме на граѓаните за да можат да имаат еден понормален живот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа , сосема накратко ќе се осврнам на законот за измена и дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон. Затоа нема да се повторувам со колегата пред мене, туку само ќе се надоврзам. Сметам дека при носењето на вакви измени посебно после неуспешниот обид на опозицијата да се донесе законот за измени и дополнување на Законот за ДДВ со кој се намалуваше данокот на додадена вредност од 18% на 5% за повеќе производи за широка потрошувачка. Сметам дека сега повторно е моментот да се размисли и за воведување на даночно олеснуваењ, односно намалување на ДДВ кој што го плаќаат лицата со хендикеп при купувањето, или увозот на нови и стари патнички возила. Тоа е барање од националното координативно тело за еднакви права на лицата со хендикеп во Република Македонија и луѓето сметаат дека патничките возила бидејќи се помагала со кои што се овозможува нивното движење посебно кај најтешките инвалиди. Затоа тие предлагаат патничките возила кои ќе се користат за оваа намена да бидат ослободени, односно со намалена даночна стапка. Барањето е оправдано од повеќе аспекти. Постои уставна основа за ова барање, на овој начин се задоволуваат потребите на најтешките инвалиди со што се овозможува нормативот од нивна страна. Понатаму, бројот на лицата кои што ќе ги користат овие права при доследна примена на прописите не е голем. Така што нема да претставува големо оптоварување за Буџетот на Република Македонија . Понатаму, има многу примери, сега да не се задржувам многу, меѓутоа многу земји околу нас го решиле ова прашање и дале вакво даночно ослободување, посебно ДДВ и со

посебни одлуки утврдиле под кои услови и кои корисници можат да ги користат овие даночни олеснувања. Многу често го користиме за пример Хрватското законодавство и токму пред мене е една одлука од Владата на Република Хрватска со која конкретно се зборува кои корисници на надоместок се ослободуваат од плаќање на даночна стапка, односно кои користат повластена даночна стапка, за кој вид на телесно оштетување, понатаму кој го утврдува телесното оштетување, се со цел да им се помогне на лицата со посебни потреби без притоа да се остава можност за злоупотреба од другите. Исто така, сметам дека посебно треба да се води сметка и за бранителите кои што претрпеле телесно оштетување за време на конфликтот во 2001 година и за нив е потребно вакво даночно олеснување за намалување на ДДВ од 18% на 5%, бидејќи тоа е долг на татковината кон нашите бранители и тоа е нешто за што секоја држава посебно води сметка. Повторно ќе го земам за пример Хрватското законодавство и одлуките кои што ги носи врз основа на тоа Владата на Република Хрватска каде што хрватските бранители или членовите на нивните семејства се ослободени од плаќање на ДДВ при увоз на лични автомобили. Бидејќи законот се изменува и дополнува, а претходно не беше прифатен предлогот од страна на ВМРО-ДПМНЕ да се намалат повеќе стапки , односно да се намали ДДВ од 18% на 5% за другите производи, сметам дека ова што го изнесов е од посебна важност за овие категории на граѓани и мислам дека нема да претставуваат посебно даночно оптоварување. И затоа ги повикувам колегите пратеници да го поддржат ова барање и да се дополни законот со овие барања.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници и г-дин министер,

И ние во Либералната партија ќе го поддржиме овој законски проект со тоа што стоиме на становиште дека треба да се елиминираат сите можности за евазија на ДДВ. Но, би апелирале до министерот за финансии, добро е тоа државата да воспостави инструменти со кои би го штителе она што е државно, државен интерес, но сигурно дека државата треба да биде малку пофлексибилна и да направи олеснување со тоа што времено би го повратила данокот на ДДВ, оние фирми кои имаат пречекорување во дадениот законски рок, затоа што имаме пракса г-дине министер државата да држи, односно Министерството не врши повраќај на ДДВ според законската регулатива во дадените оптимални услови како што е пропишано со законот и се доведуваме пооделни стопански субјекти да влегуваат во дубиози,

дури е можно нивни стечаи и можни ликвидации. Државата треба да направи некое преодно решение да не биде услов, или кочничар државата со тоа што ненавремено го враќа ДДВ да направи штета на дадените фирми и субјекти. Сигурно би се исклучила и можноста за злоупотреба на субјективното враќање на одредени фирми би било добро, затоа што знаеме како живеат и како стопанисуваат фирмите во дадениот момент, знаеме дека многу тешко оди наплатата на придонесите по основ на пензиско и здравствено осигурување , се води тешка битка за опстанок на сите субјекти, сите економски субјекти. И да не биде пречка и да не биде стимул државата да направи да и оние кои се добро стоечки фирми по основ на една, друга, трета категорија да им направиме штета на фирмите. Значи, државата треба да ги стимулира, а не да биде таа што ќе ги турка фирмите во категорија на стечај, или на ликвидација. Едно размислување, имаше еден предлог од група пратеници повластената стапка на ДДВ да се намали. Беше предвидено од 18% да се намали на 5%. Расположението и укажувањата на законодавецот, односно Владата е дека во овој момент не постои такво расположение. Тоа се проценки и на Владата. Но, еве моја препорака до министерот, да размисли, да направи едно олеснување, нека биде во рок од 6 месеци, да направиме експеримент, да направиме едно олеснување за идните фирми да ги стимулираме тие што сакаат да отворат фирми, да направат нови, да направиме едно олеснување на инвеститорите. Нека размисли Министерството за финансии посебно министерот. Мислам дека како предлог можеме да направиме ние експеримент за 6 месеци да видиме кои се тие ефекти, дали се позитивни, или негативни, да не бидеме крути, да не бидеме тврди, затоа што секогаш наоѓаме алиби да можеме да кажеме, ова не ни го дава ММФ или Светската банка. Не е вистина, не е точно, ММФ никогаш нема да ни прави опструкции, ова е внатрешен договор, тоа е политички договор. Што значи Владата може политички да се договори со партиите и во Парламентот да донесеме 6 месеци, да видиме кои се ефектите.

Тоа беа моите укажувања по однос на ДДВ и во принцип, ќе го поддржиме овој законски проект, со тоа што би се алудирало на тоа да се елиминира за можната евазија на  ДДВ. Сега кружат во кулуарите , ќе се направеле огромни штети на државата, зборува за 10-тици милиони за 100-тици милиони евра, не знам. Неможе да обвинуваме пред да се заврши она што го зборуваме во судска постапка. Има институции надлежни и меродавни за ова. Да не зборуваме паушално. Но, ова е еден закон што ќе направи превентива во можната евазија на ДДВ.

А ова, како предлог мој до министерот да размисли дали може да се направи анализа, дали може да се направи намалување на ДДВ за одредени производи, почнувајќи од стимулациите во земјоделството, во индустријата. Еве, нека размисли министерот за финансии.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Збор има министерот за финансии г. Никола Поповски, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Само врз основа на расправата сакам да укажам, со оглед дека и во јавноста имаше некои произволни и неточни тврдења особено во медиумите во врска со повратот на ДДВ да го истакнам следново.

На 31 март, а тоа е во рок од 5 , 6 работни денови износот на невратен ДДВ од страна на Управата за јавни приходи кон даночните обврзници ќе биде сведен на нула и од тоа ќе бидат исклучени само три вида на поврати кои нема да можат да бидат остварени. Првиот е оние кои се помали од 30 дена, затоа што рокот за враќање е во рок од 30 дена, а штом истекува 30-тиот ден , ќе бидат враќани, ако е тоа после 31 март. Вториот основ каде што на 31 март нема да бидат вратени на нула. Ќе биде доколку постои сомнеж за неправилно побаран поврат на ДДВ и тука државата го презема ризикот , дека ако сме изразиле сомнеж и заради тоа вршиме контрола на даночниот обврзник по основ на ДДВ, а се потврди дека контролата не нашла неправилно побаран поврат на данок, тогаш ние согласно Законот ќе ги вратиме со каматите. Меѓутоа, со оглед дека во државата има голем број на фирми кои неправилно бараат поврат, така да кажам менаџираат со криминални дејствија за поврат на данокот што е една од причините за измена на овој закон , тоа мора да го правиме за да ги заштитиме јавните приходи. И третиот основ по кој сеуште стојат некои, се судските спорови. Се додека не заврши судски спор, неможе да се изврши поврат. Ако ги исклучиме овие три исклучоци кои се нормални поврат под 30 дена , контрола заради утврдување на сомнеж во неправилно побаран поврат и судски спор на 31 март државата ќе има салдо нула за поврат кон даночните обврзници. Со ова едновремено сакам да ги демантирам и сите написи во пишаните медиуми и во некои електронски медиуми кои шпекулираа со бројки како да износот на ДДВ кој

државата треба да го врати, се зголемува. Тоа не е точно, тој се намалува и на 31 ќе биде нула. Се зголемува само по еден основ. Во Македонија во овој момент има минимум две детектирани групации на компании каде што нивните основачи имаат 40,50, па дури и 60 и повеќе компании основано, еден ден формираат една, другиот ден ја гаснат, па пак формираат нова со цел да избегнат данок. По тој основ некои од нив побаруваат дури и 500 милиони, меѓутоа сите тие се криминално побарување и ние заедно со МВР и другите надлежни органи за тоа водиме истраги. Некои кривични пријави се веќе поднесени, некои допрва ќе бидат поднесени. Јас за тие апсолутно тврдам дека ќе бидат не само отфрлени затоа што се врз основа на менаџирање со стечаи , со непостоечки данок, туку тие што тоа го прават ќе добијат и дополнителни кривични пријави. Одтука можам да ги уверам пратениците дека во овој момент државата навистина е на вистинскиот пат повратот на ДДВ да го сведе во рамките на 30 дена колку што е по законот за да се изврши поврат, над тоа нема да имаме веќе никакви побарувања после 31 март и нетреба за тоа да имаме посебни грижи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ДДВ.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 61 пратеник, 58 пратеници гласале, 57 за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собраниео го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Во салата се присутни 62 пратеника, 53 пратеници гласале за, воздржан нема и нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претесе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 3 во воведната реченица став 1, 2 и 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ангел Димитров поднесе амандман на член 1 во новиот член 9-а за менување на став 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 9-а за менување на став 4 поднесен од пратеникот Ангел Димитров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии г. Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот на г. Ангел Димитров е во насока на подобрување на текстот и на решенијата во законот кои Владата ги предлага и од тие причини го прифаќам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците од мнозинството да влезат во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата.

Не може за пет минути да се растуриме толку.

А, опозицијата која што јавно изјави дека ќе гласа за законот, исто така нека го покажат тоа.

Бидејќи во слата се присутни 59 пратеници го молам мнозинството да го обезбеди кворумот.

Молам, да се утврди точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги бројат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 60 пратеници. За кворум е потребен уште еден пратеник.

Сеуште сме вкупно 60 пратеници, молам да се обезбеди кворум.

Така, сега можеме да продолжиме.

Повелете господине Трајановски процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Ние, како опозиција, значи како ВМРО-ДПМНЕ и Либерална партија, во интерес на граѓаните на Република Македонија ...

(Џагор во салата, а претседателот предупредува на ред со звончето).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, повелете.

Повелете, кажете што имате кажете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Влеговме да обезбедиме кворум за изгласување на овој значаен закон за кој што рековме ние дека ќе го поддржиме меѓутоа апелираме позицијата да биде тука, да го дфржи кворумот, а не да се пушти во кампања, бидејќи сметаме ако не се тука дека тогаш се во кампања.

Благодарам.

(Пратеници бараат збор процедурално).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не давам збор процедурално.

(Реакција од пратениците).

Повелете процедурално, има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, да ве потсетам и да ја потсетам јавноста дека обврска и право е на секој пратеник да присуствува на седницата. Да не ги фрламе во магла повторно граѓаните на Република Македонија, се гледа кој тука е присутен и кој учествува во кампања а кој води тука предизборни митинзи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас во потполност се согласувам,  но не успеа позицијата да обезбеди еден пратеник. Затоа сега ќе го излгасаме законот што е многу битен.

Повелете, процедурално.

АНГЕЛКА ПЕЕВА ЛАУРЕНЧИЌ:

Претседателе најискрено ве замолувам да се воздржите од коментар кон пратениците. Најискрено. И, ова не е прв пат, ова се случува неколку пати. Сите имаме еднаков третман. Дали сме опозиција или позиција, ние сме сите пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас само сакам да кажам...

(Џагор во салата).

Ве молам, една работа, јас можев пет минути да ја прекинам, законот да не се донесе. А, законите треба да ги носиме.

(Дофрлање од место).

Јас сакам законите да бидат донесени. А, сите се подеднакво одговорни за тоа.

Предлагам, Предлогот на законот да го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржан, нема против.

Молам, да го констатираме бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите ги бројат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Минуваме на точката **22 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски имате збор, а нека се подготви пратеникот Ристана Лалчевска.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници,

Значи и овој закон е дел од законите што ги предлага Министерството за финансии, поточно Владата преку Министерството за финансии а се состои од се на се три членови. Главната измена е во членот 1, каде што зборовите "освен за данок за додадена вредност" се бришат.

Сега, што е суштината? Во досегашните одредби на овој закон имаше можност даночните обврски да ги извршуваат на нивно барање да може да им се дозволи одложено плаќање на обврските или плаќање на рати на сите останати даноци, освен на ДДВ. Значи, доколку се оцени дека извршувањето на даночните обврски би го нарушил процесот на неговото деловно работење и би се оневозможило доброволното плаќање на даночната обврска, значи само во тие два случаеви. Не значи тоа обврска за се понатаму. Со оглед дека, до сега, во сите други даноци имаше ваква одредба, а немаше за ДДВ, сега Владата предлага и за ДДВ за да ги изедначи сите даночни обврзници, да ги изедначи категориите на даноци. Тоа е како една причина.

Втора причина, веројатно дека на овој начин би требало да се дојде и до поефикасна наплата на ДДВ од оние причини што ги наведов, а што претставуваат пречка за навремено плаќање на ДДВ.

И, кога сме тука претседателе, во името на пратеничката група и овој закон ќе го поддржиме, меѓутоа не е во ред да се држат лекции, особено од Либерално-демократската партија, а откако ќе се поделат лекциите на опозицијата да се каже кој колку сме овде рамноправни и веднаш после тоа да се напушти салата од страна на ЛДП.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема потреба господине Караџоски.

Повелете госпоѓа Лалчевска имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Законот за утврдување и наплата на јавните приходи ги уредува, пред се постапката за утврдување, како и наплатата на јавните приходи и секако делокругот на работата на Управата за јавни приходи.

Во досегашните законски решенија имаше можност за плаќање на рати, народски речено, за даночните обврзници, од сите други видови даноци, освен што од ваквата можност беше исклучен ДДВ. Значи таму каде што имавме заостанување на наплатата на ДДВ, не постоеше таква можност. Сега со овие мали законски измени, се предлага односно се вклучува и ДДВ во можноста, со поолеснето плаќање односно плаќање на рати и се внесува една нова можност, покрај банкарската гаранција, и готовински депозит, да можеме даночниот обврзник да обезбеди и друг инструмент за обезбедување на плаќањето. Секако тоа е во ред, меѓутоа мотивот со кој се вршат ваквите измени. Во секој случај ќе обезбеди поолеснети околности. Меѓутоа ако Владата тргнува со вакви измени, со мотивираност повеќе да се прибираат даноци, јас не знам дали ќе успее, бидејќи и до сега постоеја ваквите олеснувања за сите даноци, освен за ДДВ, а наплатата на данок оди многу отежнато. Јас се сомневам дека со вклучувањето на ДДВ во ваквите олеснувања односно на она што значи заостанато плаќање на ДДВ, дека ќе се стори нешто повеќе. Меѓутоа, во секој случај ќе ги поддржиме ваквите измени затоа што пак ќе им олесниме на даночните обврзници и оние кои не платиле на време ДДВ, да можат по поолеснети околности да ги намират своите потреби кон државата. Со оглед на состојбата во која се наоѓа нашиот граѓанин, нашиот стопанственик, со оглед што се повеќе заостануваат даноци од сите видови, значи наплатата на данокот ни оди многу слабо, лебди можноста дека со овие измени на законот нешто спектакуларно ќе се направи во оваа област.

Сепак ќе го поддржиме ова законско решение, со надеж дека со малку поголем ангажман во делот на напалтата, ќе го подобриме и ќе им олесниме на даночните обврзници, со ваквите решенија да можат да ги наплатат обврските спрема државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете министре за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Само една реченица.

Претходниот дискутант кажа квалификација која е многу тешка и апсолутно неточна. Квалификацијата беше, наплатата на сите видови даноци оди многу

отежнато. Сакам да кажам дека наплатата на сите видови даноци оди добро, а не многу отежнато, а се разбира дека потешкотии секогаш има, заради луѓе кои сметаат дека не треба да платат данок и тие пари да си ги стават во сопствениот џеб. Меѓутоа во Парламентот да се каже, во мое присуство и јас тоа да не го демантирам, може да прозвучи дека е вистина, дека наплатата на сите видови даноци оди многу отежнато. Едноставно таквата квалификација не е точна. Инаку како би трошеле годишно 57 милијарди денари средства од граѓаните, ако оди многу отежнато.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Ги молам пратениците, тие што се расположени нека влезат во салата

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување наплата на јавните приходи.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 63 пратеници, 63 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 63 пратеници, 63 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Гласале 64 пратеници, 64 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Минуваме на 24 точка - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.**

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда.

Повелете господине Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Би сакал да истакнам дека ми причинува задоволство што денес пред вас го имате Предлогот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.

Би сакал да го истакнам значењето на потребата од донесување на измените на Законот за кривична постапка што воедно претставува еден реформски зафат во казнено-правната област и воедно чекор напред во заокружување на правната рамка во системот на кривичната правда во Република Македонија.

Република Македонија  како земја во транзиција со длабоки промени во целокупните општествени односи и процесот на демократизација на општеството се сочува со зголемен криминалитет кој сериозно ги загрозува заштитените лични, заеднички и општествени вредности и добра. Новите потешки и посложени форми на криминалот и во Република Македонија воедно укажуваат и на намалената ефикасност на органите на кривичниот прогон и правосудните органи и тоа, во откривањето, докажувањето, пресудувањето и спречувањето на криминалитетот. Новите форми на транснационален и организиран криминал, скоро да остануваат незабележани во нашето општество, бидејќи слабо се откриваат и уште потешко се пресудуваат односно уште потешко се докажуваат. Меѓутоа, тешките последици за основните начела на правната држава се видливи и се чувствуваат непосредно. Од тука во Република Македонија постои неопходност  политиката на кривичниот прогон, организираноста, методите на дејствување и меѓусебните односи на органите што се должни за борба против криминалот, да се подигнат на повисоко ниво на ефикасност и да им се даде соодветно зачење. Во таа функција е и неминовноста, потребата за измените и дополнувањата на Законот за кривична постапка како надградба на казненото законодавство на Република Македонија, зајакнување на позицијата на надлежните органи во преземањето на мерки и активности, во тоа што значи откривање, гонење и пресудување на сторителите на

кривични дела, а посебно на делата поврзани со организираниот криминал и корупцијата.

Потребата за донесување на овој закон првенствнео произлегува од надградбата на нормативните решенија во кривичната постапка преку создавање предуслови за инструменти, за брзо, ефикасно и квалитетно сузбивање на криминалот, како и за непречено изведување на сторителите на кривичните дела пред лицето на правдата. Исто така, имајќи ја предвид стратешката цел на Република Македонија за членство во ЕУ и во НАТО алијансата, донесувањето на овој закон едновремено претставува и хармонизација на нашето законодавство со законодавството на современите демократии и нивните казнено-правни системи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ајде да се сослушаме, имаме уште дваесет минути до 17,00 часот, можеме толку да издржиме.

Повелете г-дине министре.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

И покрај тоа, претседателе, јас имам доволно висок глас, битно е дека граѓаните слушаат.

Имајќи ги предвид присутните слабости на пораст на криминалот, а особено на формите на организираниот криминал со предложените законски решенија, согласно меѓународните стандарди, ќе се зголемвуа ефикасноста на превенцијата и сузбивањето на криминалот. Ќе се унапредува квалитетот на предистражната и кривичната постапка и ќе се востановуваат нови инструменти за соодветен одговор на комплексните и софистицираните форми на криминални активности присутни во Република Македонија.

Со измените предлагаме решенија со кои ќе се затворат можностите за злоупотреба во постапките. Како дел на реформата се новите законски решенија по однос на доставата, изземањето, почетокот и текот на главниот претрес, како во досегашната примена беа вентил за одолговлечување и злоупотреба на постапките.

Почитувани пратеници, сами сте сведоци на тоа што се случува во пракса во нашето судство. Стана појава во Република Македонија изигрувањето и злоупотребата на законските одредби во кривичните постапки. Злоупотреба има. И тоа од осомничените, обвинетите, нивните бранители, а што е полошо и од страна

на судиите. Се однесуваат на одредбите за доставата, институтот иземање на судиите, како и подготвувањето, почетокот и текот на главниот претрес.

Со овие измени ќе се обезбеди висок процент на ефикасност, наспроти злоупотребите за одолговлекввуање на постапките. Ќе се попречат можностите за изигрување на законот како од страна на обвинетите, нивните бранители, така и од страна на судиите, сведоците и другите учесници во постапката, а воедно имајќи ги во предвид домашните и меѓународните стандарди за заштита на човековите права на овој начин се обезбедува поефикасен пристап до правдата, ефикасно владеење на правото и правната држава, доследна реализација на принципите на кривичната постапка и утврдување на одговорноста на сторителите на кривичните дела на ефикасен, брз и законит начин, без притоа да се повредеи било кое загарантирано човеково право и неговото уставно утврдено право за одбрана.

Посебна значајна новина во овој закон е востановувањето на специјалните истражни мерки кои, согласно донесениот амандман на Уставот на Република Македонија ќе обезбедат непречено прибирање на податоците и доказите за успешно водење на постапката и ќе сеоздадат претпоставки добиените докази да се применат во кривичната постапка со создавање на основи на постојната контрола во однос на евентуалната повреда на човековите права и слободи.

Предлогот што денеска е пред вас исто така ги унапредува законските решенија за обезбедување на присуство на обвинетите во текто на постапката.

Обезбедува зајакнување на позицијата на оштетените во кривичната постапка и позицијата на Јавниот обвинител во гонењето на извршителите на кривичните дела.

Обезбедува механизми за спречување на незаконско постапување или попречување на овластувањата при гонење на сторителите на кривични дела.

Обезбедува забрзување на постапката во однос на кривичните дела за кои е пропишана поблага казна.

Обезбедува повторување на правосилно завршените кривични постапки по Одлука на Европскиот суд за човекови права.

Заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите на кривични дела.

Обезбедува востановување на посебна постапка спрема правните лица кои се кривично одговорни.

Донесувањето на пресудата без главен претрес го обезбедува и целосна имплементација на меѓународните стандарди во однос на законските решенија кои

се однесуваат на меѓународната правна помош, екстрадицијата и трансферот на осудените лица.

Дозволете ми да истакнам дека донесувањето на овој закон што е од посебно значење е во функција и на операционализација на зацртаните активности на Владата на Република Македонија.

За спроведување на Акциониот план за борба против организираниот криминал усвоен од Владата на Република Македонија кон крајот на минатата година, а кој исто така беше презентиран и во Брисел.

Со ова ќе се унапреди ефикасноста на откривањето , гонењето и пресудувањето на сторителите на кривичните дела од областа на недозволената трговија со луѓе и оружје. Со перење пари, корупцијата и другите норми на надлежните органи.

Имајќи ги предвид предложените одредби, дозволете ми уште еднаш да истакнам дека донесувањето односно потребата за донесување на овој закон ќе значи чекор напред во зајакнувањето на системот за владеење на правото и функционирањето на правната држава и воедно заокружување на правната рамка на казненото законодавство, поради што почитувани пратеници, ве повикувам со вашите дискусии да дадете поддршка за донесувањето на овој закон и придонес за унапредување на овој текст на законот.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине минситре.

Имаме уште двнаесет минути до 17,00 часот, г-дине Каме Петров дали вашиот настап ќе биде до 12 минути или повеќе?

Ако е околу 20-тина минути , тука ќе завршиме, сакам да ве известам дека утре е седница на која ќе бидат поставувани пратенички прашања.

Вие веќе добивте решение за петок е свикана 59-та седница на Собранието на Република Македонија, ако ја завршиме пред 17,00 часот, тогаш ќе продолжиме со денешната седница, ако не ја завршиме 59-та седница во петок, ќе ја продолжиме во сабота.

Овие пет точки ако не ги завршиме во петок, тогаш и во сабота ќе работиме.

Ако ги завршиме пред 17,00 часот , ќе продолжиме со законот што сега е актуелен.

Благодарам, утре во 10,00 часот се пратенички прашања.

(Седницата заврши во 16,50 часот).